Прилог 1 - Образец за Извештај од самоевалуација

До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование
Кеј Димитар Влахов 4,
II-Кат Стара Комерцијална Банка
1000 Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

| Податоци за високообразовната установа | |
|---|---|
| Назив | Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје<br>ФАКУЛТЕТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ, ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА И ЕКОИНЖЕНЕРИНГ „ХАНС ЕМ“ |
| Седиште | 16-та Македонска бригада бр. 1, Скопје |
| Контакт информации | +389 71 356 241<br>DEKAN@SF.UKIM.EDU.MKINFO@SF.UKIM.EDU.MK |
| Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации) | Проф. д-р Никола Николов, декан<br>DEKAN@SF.UKIM.EDU.MK |
| Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт информации) | |
| Основ за надворешната евалуација | ☐ Годишен план<br>☐ Барање на високообразовната установа<br>☐ Барање на Националниот Совет за високо образование и научно-истражувачка дејност<br>☐ Барање на министерот надлежен за високото образование |
| Период за кој се однесува извештајот | 2023/2024 |
| Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум) | Бр.02-169/4-2, 23.4.2024 г. (главна комисија)<br>Бр.02-169/4-3, 23.4.2024 г. (поткомисии) |
| Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација? | ДА/НЕ |

Место, датум МП овластено лице на установата (потпис)

## Упатство за пополнување

Сите делови од Извештајот треба да бидат пополнети точно и во овој образец. Установата ги пополнува содржините означени во бела боја во долунаведените табели. За точноста на информациите одговорност сноси одговорното лице на установата.

Извештајот се доставува **на англиски јазик.** Установата може да поднесе и дополнителна верзија на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

За пополнување на пријавата се користи фонт Arial Narrow, големина 10, без закосување (italic) или подвлекување (underline), со единичен (single) проред.

Објаснувањето за исполнетоста  на индикаторите за стандардите за квалитет **не треба да биде подолгоод една страница** по индикаторво овој образец.

За сите индикатори се прикажуваат информации, акти и други релевантни информации за последните **пет години.** Во стандардите 2, 3, 5 и 6 се оценува исполнетоста на индикаторите **за секоја студиска програма** акредитирана на високообразовната установа.

Извештајот и документацијата се доставуваат во електронска форма и во печатена форма во 2 примероци. **За доставувањето во електронска форма, корисно е сите пропратни документи да бидат зачувани во еден фолдер и поврзани со линкови со овој образец. Прилозите односно документацијата за секој индикатор во овој извештај се поврзуваат со линк до конкретниот документ (Word, PDF и сл.). Фолдерот со документите и овој извештај се доставува до Одборот за евалуација.** *Пример за објаснување на исполнетост на индикатор и линкови до прилози е наведен на крајот на овој образец (Пример 2).*

Именувањето на документите се врши на следниов начин: Прилог_број на индикатор_објаснување на документот (на пример, Прилог 1.2. Прашалник од спроведени евалуации).

Доколку за еден индикатор се прикачуваат повеќе документи, се применува истото правило со додавање на буква по абецеден редослед за секој дополнителен документ (на пример, Прилог. 1.2.А. Прашалник од спроведени евалуации). Именувањето се користи и во имињата на документите во фолдерот и на прилозите/линковите наведени во овој документ.

При доставувањето на прилозите, установата истите ги зачувува во формат кој овозможува **едноставно користење на опциите за пребарување**. По исклучок, во прилозите може да се доставуваат и скенирани документи само доколку истото е неопходно.

По потреба, покрај доставената документација, исполнетоста на наведените индикатори се проверува за време на посетата на високообразовната установа.

Изјавата за точност и вистинитост на податоците прикажани во Извештајот од самоевалуација се заверува на нотар (пример 1).

# 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| Назив на високообразовната установа | Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје<br>ФАКУЛТЕТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ, ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТИРА И ЕКОИНЖЕНЕРИНГ „ХАНС ЕМ“<br>Акроним: УКИМ ХЕФ |
| Седиште | 16-ТА МАКЕДОНСКА БРИГАДА БР. 1, СКОПЈЕ |
| Веб страница | https://sf.ukim.edu.mk/ |
| Мисија и визија на установата | УКИМ ХЕФ е единствен факултет во државата кој образува интелектуален потенцијал од областа на шумарството, пејзажната архитектура и екоинженерингот.<br>Мисијата на УКИМ ХЕФ е зачувување, заштита и унапредување на шумите и биодиверзитетот преку обезбедување на стручен кадар за применување на современите методи, техники и алатки во планирањето, одгледувањето и управувањето со шумите и природните богатства.<br>Визијата на УКИМ ХЕФ се заснова на заштитата и унапредувањето на шумите и природните ресурси во државата, нивните функции и услуги, остварување на висока свест кај стручната и пошироката јавност за севкупните вредности на шумите и зелените површини како фактор за благосостојбата на луѓето.<br>УКИМ ХЕФ е посветен на континуирано подобрување на квалитетот на високото образование и научните истражувања, преку доближување на современите европски и глобални искуства од шумарството, пејзажната архитектура, заштитата на природните ресурси и еколошкото инженерство до идните академски граѓани, еко инженери и доносители на одлуки, што овозможува вклучување во единствениот систем на европското високо образование. |
| Вид на високообразовна установа (јавна, приватно-јавна непрофитна установа и приватна непрофитна установа) | Јавна високообразовна установа |
| Податоци за последната акредитација на установата и студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии | Студирањето на УКИМ ХЕФ се изведува во рамките на првиот и вториот циклус студии. Во овој елаборат се врши самоевалуација на студиските програми: Шумарство, Пејзажно дизајнирање и Екоинженеринг и екоменаџмент на прв циклус студии и Шумарство и Озеленување и унапредување на животната средина на втор циклус студии. Во приложениот елаборат се претставени студиските програми кои ги организира и реализира УКИМ ХЕФ согласно со Законот за високото образование, каде се опишани целите, структурата и предметните програми на четиригодишните додипломски студии на наведените студиски програми. Последните промени во студиските програми и нивни валидни акредитации се од академската 2023/2024 година.<br><br>Акредитација на установата:<br>УКИМ ХЕФ засега има акредитирано 3 студиски програми на прв циклус на студии и 2 студиски програми на втор циклус на студии.<br><br>Студиски програми на прв циклус на студии<br>Шумарство<br>http://www.sf.ukim.mk/programi/I_ciklus/2023_2024/hans_em_elaborat_I_ciklus_S.pdf<br>Пејзажна архитектура<br>http://www.sf.ukim.mk/programi/I_ciklus/2023_2024/hans_em_elaborat_I_ciklus_PA.pdf<br>Екоинженеринг и екоменаџмент |

| | |
|---|---|
| | http://www.sf.ukim.mk/programi/I_ciklus/2023_2024/hans_em_elaborat_I_ciklus_EE.pdf<br><br>Студиски програми на втор циклус на студии<br>Шумарство<br>http://www.sf.ukim.mk/programi/II_ciklus/2019_2020/UKIM_SFS_studiska_programa_II_ciklus_S.pdf<br>Озеленување и унапредување на животната средина<br>http://www.sf.ukim.mk/programi/II_ciklus/2019_2020/UKIM_SFS_studiska_programa_II_ciklus_OUZS.pdf |
| Број на вработени лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност | На УКИМ ХЕФ се избрани 19 лица во наставно-научни звања (16 редовни професори, 2 вонредни професори и 1 доцент) и 8 лица во соработнички звања (7 асистенти и 1 лаборант) кои вршат високообразовна дејност.<br>Од овие 27 лица, според половата структура, на женскиот пол припаѓаат 7, а на машкиот пол 20 лица. |
| Број на студенти во последната учебна година, по циклус на студии | 103 студенти, од кои 100 на прв циклус на студии и 3 на втор циклус на студии. |
| Објаснете го накратко развојот на вашата установа (не подолго од 1 страница) | Факултетот е основан во 1947 г.како дел од тогашниот Земјоделско-шумарски факултет, еден од трите највозрасни факултети во државата кои се и основачки членки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Институцијата долго време го носеше препознатливото име Шумарски факултет во Скопје, сè до 2019 г., од кога, заради подобро претставување на сите аспекти со кои денес се занимава факултетот, како во образованието, така и во науката и во праксата, а кои се многу пошироки отколку што е класичното разбирање на шумарството, називот на нашата институција е Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ (УКИМ ХЕФ).<br>Низ својата повеќе од 75-годишна историја, факултетот е во постојана еволуција и промени, и преку постојаните ситни, а повремено и преку суштински промени во наставните содржини се прилагодува кон актуелни општествени, технолошки, наставно образовни, научни и други услови и аспекти, важни за наставно-научна установа. Последната поголема промена на ХЕФ се случи во 2012 год., кога освен осовременување на постоечките „Шумарство“ и „Пејзажно дизајнирање“, беше воведена и насоката „Екоинженеринг и екоменаџмент“.<br>Денес УКИМ ХЕФ, преку образување стручни кадри, преку реализација на научни истражувања и апликативни проекти, е една од клучните алки на шумарството во државата, но и во сродните области поврзани со хортикултурата и со еколошките науки генерално. |
| Кои се вашите клучни институционални капацитети? (не подолго од 1 страница) | УКИМ ХЕФ се карактеризира со добри институционални капацитети и тоа: реномиран наставен кадар (16 редовни професори, 2 вонредни професори, 1 доцент, 7 асистенти и 1 лаборант), добри просторни (1 амфитеатар со вкупно 120 седишта, 10 предавални со вкупно 334 седишта, 10 лаборатории со 160 седишта, 10 збирки, компјутерска училница со 30 седишта, микроскопска сала со 24 седишта, 1 читална со 50 седишта, библиотека со површина од 75 $m^2$, шумско-опитна станица, дендропарк и расадник со стакленик во факултетскиот двор), Арборетум во с. Трубарево, ловиште за наставни цели и материјални ресурси за успешно одвивање на наставата (учебници и современа стручна литература, инструменти, лабораториски материјали, нагледни средства, збирки по дендрологија, ентомологија, фитопатологија, семенарство и ловство, компјутери и проектори). |

| | |
|---|---|
| Во кои области/прашања/стандарди/индикатори вашата установа постигна најголем напредок во последните пет години? (не подолго од 1 страница) | Во периодот 2019–2022 г. главниот предизвик во научната и наставно-образовната дејност беше пандемијата со корона вирусот SARS-CoV-2. Во овој период најпрво беа преземени сите мерки за заштита согласно со препораките на здравствените институции, а наставата беше изведувана преку средствата за електронска комуникација и учење (Microsoft Teams, Google Classroom, Zoom и сл.). Имено, УКИМ ХЕФ е една од првите институции која изведе онлајн час на 13.3.2020 г. по предметот Урбана дендрологија. За потребите на ваквата настава, беа изготвени соодветни видео материјали од вежбите по најголем дел од предметите (пр. Геоинформатика, Педологија и др.) и истите се поставени на платформата Youtube. Тоа практично значеше дигитализација на наставата. Покрај наставата, и испитите беа одржувани преку овие платформи на интерактивен начин и со интердисциплинарен пристап базиран на студии на случај. На тој начин беше овозможен флексибилен пристап на учење кој ја поттикна мотивацијата кај студентите да земат активно учество.<br>Во 2020 г. избрани се 8 лица во соработнички звања (асистенти) на различни катедри на Факултетот. https://sf.ukim.edu.mk/naucno-nastaven-personal.htm.<br>Во периодот 2021–2022 година беше направена дигитализација на научното списание Шумарски преглед кое го издава УКИМ ХЕФ од 1953 г., достапно на: https://sf.ukim.edu.mk/sumarski_pregled.htm.<br>По повод 75 годишниот јубилеј од основањето на факултетот, УКИМ ХЕФ беше домаќин на меѓународната научна конференција „Подобро шумарство, за подобри шуми, за подобра планета“ (15-16ти јуни 2022 г.) која се одржа во просториите на УКИМ ХЕФ, со учество на наши и научници од странство (Србија, Грција, Турција, Хрватска, БиХ, Норвешка, Германија). Од конференцијата беше објавена Книга на апстракти, со вкупно 58 наслови. Во рамките на конференцијата на 16.6.2022 г. се одржа и работилница со наслов: „Одржливо управување со заштитените подрачја, екосистемите и биодиверзитетот“, наменета и за студенти, реализирана од експерти од Грција (д-р Малоупа и д-р Фотакис), а се спроведе со помош на платформата Vevox во рамки на проектот Interreg IPA CBC „Подобрување на зачувувањето на приоритетните растенија во прекуграничната област на Република Северна Македонија и Грција“. Детални информации достапни на врската https://sf.ukim.edu.mk/75hef.htm.<br>По повод јубилејот, со поддршка на УКИМ,објавена е Монографијата „75 години Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг ‘Ханс Ем’ (1947 – 2022)“, на македонски и на англиски јазик, достапна на врската: https://sf.ukim.edu.mk/monografija.htm.<br>Од погоре изнесеното, може да се заклучи дека во изминатиот 5 годишен период УКИМ ХЕФ оствари најголем напредок во Стандард 3: Учење, настава и вреднување насочено кон студентот и Стандард 5: Наставен кадар. |
| Кои се вашите најголеми предизвици и недостатоци? (не подолго од 1 страница) | Предизвици:<br>- Осовременување на наставата соглобални сознанија, принципи, технологии и методи од шумарството, пејзажната архитектура, заштитата на природните ресурси и еколошкото инженерство.<br>- Доближување на современите европски и глобални искуства од шумарството, пејзажната архитектура, заштитата на природните ресурси и еколошкото инженерство до доносителите на одлуки. |

| | |
|---|---|
| | Недостатоци:<br>- Недостаток на современи технички средства за изведување на наставата.<br>- Недостаток на материјални средства за изведување на теренска настава како најважна алатка за создавање на остручен шумарски кадар.<br>- Недоволната опременост на лабораториите оневозможува поквалитетно вклучување на експерименталниот дел во наставата. |

## 2. СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ

### Стандард 1

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 1.1. Установата има политика за обезбедување на квалитет која е објавена и јавно достапна. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет;<br>Линк до објава на веб страна. |
| Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ постапува согласно Правилникот за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. | |
| **Прилози**<br>Прилог 1.1.А Правилник за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје<br>Прилог 1.1.Б Деловодник на Советот за квалитет на УКИМ<br>Прилог 1.1.В Одлуката за основање на совет на квалитет при УКИМ ХЕФ | |
| 1.2. Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.);<br>Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедувањето на квалитет. |
| УКИМ ХЕФ еднаш годишно спроведува евалуација во кои се опфатени наставниот кадар, студентските служби и управата. Евалуацијата се спроведува континуирано за секоја академска година, односно со заверка на соодветниот зимски или летен семестар во форма на анкета во електронска и хартиена форма.<br>Резултатите, од анкетата во учебната 2023-2024 год. покажуваат дека студентите се задоволни со реализацијата на наставатасо просечна оцена за предавања (9,74) и (9,72) за вежбите од сите студиски програми на УКИМ ХЕФ.<br>На ниво на факултет, оценките се солидни со мали варијации по предметните програми. Според студиски програми просечната оценка на анкетните прашања за предавањае следната: Шумарство = 9,64; Пејзажно дизајнирање = 9,76 и Екоинженеринг и екоменаџмент = 9,82, а за вежби Шумарство = 9,60; Пејзажно дизајнирање = 9,81 и Екоинженеринг и екоменаџмент = 9,75,<br>Анкетниот прашалник содржи 33 прашања и го подготвувашеГлавнатакомисијата за самоевалуација од редот на насатвниците и од редот на студентите на УКИМ ХЕФ. | |
| **Прилози**<br>Прилог 1.2.А. Годишен извештај за самоевалуација на УКИМ ХЕФ за периодот 2016/2017-2018/2019 година<br>http://www.sf.ukim.mk/Dokumenti/samoevaluacija/2019/samoevaluacija_2019.pdf<br>Прилог 1.2.Б. Одлука за избор на членови во главна комисија за самоевалуација за учебната 2023/2024 г.<br>https://sf.ukim.edu.mk/akti.htmи директна врска<br>https://sf.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2024/10/Samoevaluacija_2024_Glavna_Komisija.pdf<br>Прилог 1.2.В. Одлука за избор на членови во поткомисии за самоевалуација за учебната 2023/2024 г. | |

| | |
|---|---|
| https://sf.ukim.edu.mk/akti.htmи директна врска https://sf.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2024/10/Samoevaluacija_2024_Potkomisii.pdf Прилог 1.2.Г. Анкетен прашалник за оценување на наставатаhttps://sf.ukim.edu.mk/akti.htm и директна врска https://sf.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2024/10/Anketen_Prasalnik_Nastava_Studenti.pdf | |
| 1.3. Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот. Установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување на квалитет. |

Во рамките на УКИМ ХЕФ функционира Центар за професионална обука и кариера (ЦЕПРОК) чија што основна мисија е да воспоставува цврсти врски помеѓу факултетот, студентите и потенцијалните работодавци и други релевантни надворешни чинители кои се активни во општествените области кои ги покриваат студиските програми на факултетот. Центарот организира работилници за Кариерен развој чија што основна цел е да ги вмрежува студентите и потенцијалните работодавачи и да обезбеди постојана комуникација помеѓу факултетот и работодавците во насока на подобрување на квалитетот на наставните програми со цел да одговорат на побарувањата на пазарот на труд. Вклученоста на студентите во разните обуки и проекти е на високо ниво.

- Проект со наслов „Воведување биокомпостирање во Општина Гази Баба“ добиен на конкурсот Предизвик за студенти иноватори од Општина Гази Баба со времетраење од 6 месеци (од 1 јуни до крајот на октомври 2022 г.). Учесници во проектниот тим се: проф. д-р Колевска како ментор-лидер и 7 студенти на УКИМ ХЕФ (Пенева, Кипријановиќ, Меновска, Петрова, Цикарски, Милошоска, Димитриевска). Во реализација на проектот свој придонес дадоа и ас. м-р Брндевска Стипановиќ, дипл. инж. Илиевски, проф. д-р Колевска, проф. д-р Трајков, проф. д-р Сотировски). Врска: https://www.fakulteti.mk/news/06082022/spravuvanje-so-otpadot-i-voveduvanje-biokompostiranje---studentski-proekti-shto-dobija-grant-od-opshtina-gazi-baba.
- На Конкурсот за дизајн на зелен парк со површина од 5000 $m^2$, во рамки на кампањата „Засади желба за поубава иднина“, во организација на Пензија.мк, наменет за студенти на УКИМ ХЕФ и студенти од Архитектонскиот Факултет во Скопје учество земаа 5 студенти од студиската програма Пејзажно дизајнирање на УКИМ ХЕФ, под менторство на ас. м-р Брндевска Стипановиќ. Студентите Мила Ѓорѓевска и Перица Кипријановиќ освоија прво и трето место, и беа наградени со дигитални таблети за цртање. Врска: http://www.penzija.mk/.../%d0%bd%d0%b0%d0%b3%d1%80%d0%b0.../.
- Студенти од УКИМ ХЕФ, со несебична поддршка од наставниот кадар, земаа учество на Конкурсот за изработка на проект за пејзажно дизајнирање на јавен простор во Општина Бутел, објавен на 21 јуни 2023 година од страна на Здружението на граѓани ИНТЕРКУЛТУРА, во соработка со Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“. Прво место освои студентката Марија Меноска, второ место Анастасија Милошоска и трето место Давор Петровски. На добитниците им беа доделени парични награди во вредност од 300 евра за прво наградениот, 200 евра за второ наградениот и 100 евра за трето наградениот проект. Врска: https://sf.ukim.edu.mk/konkurs_inretkultura_hef/ .
- Од 12.10 до 11.11 2022 г. (8 сесии од по 2 часа), во просториите на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“, се одржа Обука за пишување проекти, спроведена од страна на фасилитатор Зоран Велковски од Интеркултура. Обуката ја посетуваа и успешно ја завршија дел од вработените на УКИМ ХЕФ (вонр. проф. д-р Симовски, ас. м-р Шурбевски, ас. м-р Брндевска Стипановиќ, ас. м-р Цоковски, ас. м-р Стојановски, ас. м-р Трендафилов, ас. м-р Најдовски и дипл. инж. Илиевски), како и дел од студентите, членови на студентското здружение Дрен Ханс Ем (Пенева, Милошоска, Меноска, Кипријановиќ, Крстевски и Димитриевска).
- На ден 16 Јуни 2022 г.,од 9:30 – 12:15 часот во Амфитеатарот на УКИМ ХЕФ се одржа работилница: „Одржливо управување со заштитени подрачја, екосистеми и биодиверзитет“, во рамките на Меѓународната научна конференција по повод јубилејот од 75 години постоење на УКИМ ХЕФ и како дел од проектот Interreg – IPA CBC – „Подобрување на заштитата на приоритетните растенија во прекуграничната област од Северна Македонија и Грција“. Работилницата беше интерактивна со помош на платформата Vevox и водена од страна на експертите од Грција. Истата ја проследија студентите од УКИМ ХЕФ, како и останати заинтересирани лица. Врска: https://sf.ukim.edu.mk/workshop_conse-pp/.
- На ден 4.4.2022 г. се одржа предавање од отворен карактер на тема: „Зеленило, отворен простор и хуман урбанизам – Лекции за одржлив развој од пост-земјотресно Скопје“. Предавач беше д-р Марко Ицев, архитект и планер со меѓународно искуство, којшто докторирал на Факултетот за уметности и архитектура на

Универзитетот во Калифорнија, Лос Анџелес (UCLA). Присутни беа најголем дел студентите на насоката Пејзажна архитектура. Врска:https://sf.ukim.edu.mk/otvoreno_predavanje_april_2022/.

- На 27 април 2022 г. (среда), со почеток во 11 часот, во амфитеатарот на УКИМ ХЕФ се одржа предавање под слоганот: „Да другаруваме, да споделуваме“ од предавачот Ѓорѓи Самарџиев, дипломиран шумарски инженер, сопственик на Градинарскиот центар Фоја Ко, компанија со долгогодишно искуство од областа на пејзажната архитектура и урбаното зеленило воопшто. На предавањето беа презентирани дел од иновативните решенија кои компанијата ги користи при реализирање на активностите и тоа: биолошка рекултивација на косина, реализација на вертикална градина со собни растенија и креирање на инстант екстензивни кровни градини со вегетативен модул Семпервел. Врска: https://sf.ukim.edu.mk/inovativni_resenija_samardziev/.
- Во периодот од 15-21 мај 2023 г. беше одржана меѓународната средба International Forestry Students Association (IFSA) – South-EastRegionalMeeting(SERM) 2023, во организација на ДРЕН Ханс Ем – здружение на студенти при УКИМ ХЕФ, со поддршка од Универзитетот, Факултетот, МЗШВ и приватни стопанственици главно од секторот шумарство и хортикултура. Беше одржана и конференција на тема: „Младите и иновациите за заштита на биолошката разновидност и одржливото управување со шумите“ (“Youth and innovation for biodiversity conservation and sustainable forest management”), како и посета на повеќе локации низ државата значајни за биолошката разновидност и природните ресурси. Врска: https://ifsa.net/serm-2023-report/.

**Прилози**
/

| | |
|---|---|
| 1.4. Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет. | Акт за формирање на телото;<br>Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници. |

Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ постапува согласно Правилникот за обезбедување квалитет и Деловникот за работа на Советот за квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Согласно законските прописи, актите на УКИМ-Скопје, и актите на Факултетот, како и по потреба, а на предлог од Деканот, Наставно-научниот совет и Деканатската управа, се формирани и формираат комисии кои вршат анализи за квалитетот на образованието, со препораки за развојот и унапредување на квалитетот на образованието (Деловник за начинот на работа и одлучување на Наставно-научниот совет, Деканатската управа, внатрешните организациони единици, комисиите и работните и стручните тела на УКИМ ХЕФ, достапен на http://www.sf.ukim.mk/Dokumenti/glasnik/glasnik_482_2020.pdf). На УКИМ ХЕФ формирани се Совет за квалитет при УКИМ-ХЕФ и Одбор за соработка и доверба.

**Прилози**
Прилог 1.4.А. Одлука за основање на Совет за квалитет при УКИМ-ХЕФ
Прилог 1.4.Б. Записник од 1-ва конститутивна седница на Одбор за соработка и доверба
Прилог 1.4.В. Закон за високо образование
Прилог 1.4.Г. Записник од 2-ра седница на Одбор за соработка и доверба

| | |
|---|---|
| 1.5. Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги и статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуација е објавен на веб страната на установата. | Извештај од самоевалуациите спроведени во последните пет години;<br>Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоците и/или препораките од самоевалуациите;<br>Линк до извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години. |

УКИМ ХЕФ редовно ги анализира извештаите од самоевалуациите кои се спроведуваат континуирано за секоја академска година, односно со заверка на соодветниот зимски или летен семестар, во форма на анкета во електронска и хартиена форма.
Сите извештаи за самовалуација се објавени на веб страната на УКИМ ХЕФ.

**Прилози**
Прилог 1.5. – Годишен извештај за самоевалуација на УКИМ ХЕФ за периодот 2016/2017-2018/2019 година
http://www.sf.ukim.mk/Dokumenti/samoevaluacija/2019/samoevaluacija_2019.pdf

| | |
|---|---|
| 1.6.Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран | Извештај од надворешна евалуација од претходниот период;<br>Акциски план; |

| | |
|---|---|
| процес кој не завршува со извештајот од надворешната евалуација или со натамошното следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран.[1] | Извештај за преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план. |
| / | |
| **Прилози** | |

1 Овој индикатор ќе биде предмет на оценка по завршувањето на првата надворешна евалуација односно при следната надворешна евалуација на установата.

**Стандард 2**

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>2.1. Установата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо).</td><td>Акт во кој е регулирано прашањето;</td></tr>
<tr><td colspan="2">Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ (УКИМ ХЕФ), нема дополнителен акт со кој се уредува начинот и постапката за уредување на студиските програми, надвор од актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (УКИМ).</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>Прилог 2.1.А. Постапка за добивање решение започеток со работа<br>Прилог 2.1.Б. Правилник со кој се утврдуваат стручните и научните називи<br>Прилог 2.1.В. Правилник за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи<br>Прилог 2.1.Г. Правилник студиски програми<br>Прилог 2.1.Д. Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација</td></tr>
<tr><td>2.2.Содржината на студиските програми кои се изведуваат во установата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат преносливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни професии.</td><td>Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните пет години);<br>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети;<br>Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Студиските програми на УКИМ ХЕФ се креирани во насока на создавање на високо стручен кадар од областите шумарство, пејзажна архитектура и екоинженеринг. Предметните програми од студиските програми на додипломски и постдипломски студии обезбедуваат солидни основни знаења на додипломските и напредни знаења на постдипломските студии. Истите им овозможуваат на студентите да стекнат академско знаење и вештини и овозможуваат флексибилен пристап на учење преку интерактивна настава со интердисциплинарен пристап базиран на студии на случај во насока на поттикнување на мотивацијата кај студентите да земат активно учество. Во последните пет години значајно е зголемено учеството на студентите во бројни научно-истражувачки и проектни активности на Факултетот.Содржината на студиските и предметните програми е детално опишана во елаборатите за акредитација на студиските програми од прв циклус на студии (Шумарство, Пејзажна архитектура и Екоинженеринг и екоменаџмент) и од втор циклус на студии (Шумарство и Озеленување и унапредување на животната средина), за што сведочат решенијата за акредитација на секоја од наведените студиски програми на прв и втор циклус на студии издадени од Одборот за акредитаја и евалуација на високото образование. Во рамките на УКИМ ХЕФ функционира Центар за професионална обука и кариера (ЦЕПРОК) чија што основна мисија е да воспоставува цврсти врски помеѓу факултетот, студентите и потенцијалните работодавци и други релевантни екстерни чинители кои се активни во општествените области кои ги покриваат студиските програми на Факултетот. ЦЕПРОК преку организирање на работилници за Кариерен развој ги вмрежува студентите и потенцијалните работодавачи и обезбедува двонасочна комуникација помеѓу факултетот и работодавците. До сега не е формиран Алумни центар кој би го следел и идниот професионален развој на нашите студенти.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>2.2.А.Студиски програми на прв циклус на студии:<br>Шумарство (http://www.sf.ukim.mk/programi/I_ciklus/2023_2024/hans_em_elaborat_I_ciklus_S.pdf)<br>Пејзажна архитектура (http://www.sf.ukim.mk/programi/I_ciklus/2023_2024/hans_em_elaborat_I_ciklus_PA.pdf)</td></tr>
</table>

Екоинженеринг и екоменаџмент (http://www.sf.ukim.mk/programi/I_ciklus/2023_2024/hans_em_elaborat_I_ciklus_EE.pdf)
2.2.Б. Студиски програми на втор циклус на студии
Шумарство (http://www.sf.ukim.mk/programi/II_ciklus/2019_2020/UKIM_SFS_studiska_programa_II_ciklus_S.pdf)
Озеленување и унапредување на животната средина (http://www.sf.ukim.mk/programi/II_ciklus/2019_2020/UKIM_SFS_studiska_programa_II_ciklus_OUZS.pdf)

| | |
|---|---|
| 2.3.Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки. |

Студиските програми се развиени во согласност со критериумите, задачите и целите на УКИМ ХЕФ за задржување на високи стандарди во образување на квалитетни кадри. Истите се конципирани врз искуството во изведувањето на наставата во изминатите седумдесет и пет години, со нејзино постојано унапредување, вклучувајќи ја континуираната соработка со стопанството. Студиските програми овозможуваат создавање кадри кој по дипломирањето ќе може да стане дел од стопанството, администрацијата и образованието како што следи:

- Државна и локална администрација – Министерство за земјоделство. шумарство и водостопанство-сектор шумарство (на сите работни места во сите одделенија), Министерство за животна средина и просторно планирање, Управа за заштита на растенија, Инспекторат за шумарство и ловство, Шумска полиција, Сектор за стратешко планирање, Управа за семе, Агенција за патишта, Дирекција за заштита и спасување, Центар за управување со кризи, Локална самоуправа и др.
- Јавни претпријатија – ЈП Национални шуми (на сите можни работни места во сите стручни сектори), ЈИ Национални паркови (на дел од стручни работни места), Други институции кои управуваат со други заштитени подрачја, Јавни Комунални претпријатија, за планирање, проектирање и управување со јавното зеленило
- Образование и наука – Средни стручни ушилишта
- Невладин сектор – Противпожарен сојуз, Македонско еколошко друштво, и други НВО од областа на шумарството и заштитата на природните ресурси
- Приватен сектор –Фирми за планирање во шумарството, Инженерски фирми (за подготовка на техничка документација во врска со шумските патишта), Претпријатија за користење на шумите, Ловностопански субјекти, Шумски расадници, Компании за проектирање, уредување и одржување зелени површини; Расадници за производство на декоративен саден материјал; Урбанистички и архитектонски претпријатија и др.

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 2.4.Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми; |

УКИМ ХЕФ ги следи промените и напредокот на науката во глобални рамки. Денес светот е во технолошка револуција и речиси да не постои сегмент од шумарските науки и практики кои немаат директно или индиректно влијание од и врз новите технологии. За жал, истовремено светот се соочува и со масовно изумирање на живиот свет, а како последица на глобалните климатски промени, предизвикани од човековите активности низ последните векови. Така, постојаното прилагодување на наставните програми, како и на содржините на одделни наставни дисциплини, претставува вистински предизвик за сите научни и високообразовни установи во државата, вклучително и УКИМ ХЕФ.

Веќе две децении, фокусот на шумарските науки ивисокото образование во шумарството е насочен врз зачувување и заштита на шумите, како еден од предусловите за генерално зачувување на биодиверзитетот. Во тој контекст, се издвојува поддршката од Програмата за зачувување на природата во Македонија (ПЗП) која во своите активности за постигнување поголема застапеност на теми од биолошката разновидност во општеството, ја препозна важноста за унапредување на наставните програми на УКИМ ХЕФ. Оваа одлична можност беше добро искористена за заедничка и координирана работа на наставниот кадар на УКИМ ХЕФ со колеги од Бернскиот Универзитет за применети науки од Швајцарија (БФХ ХАФЛ), но и со вклучување на студентите од

| | |
|---|---|
| двете институции во тој процес. Во рамки на оваа соработка беа променети и унапредени наставните содржини на УКИМ ХЕФ, со вметнување поглавја и/или делови во наставната програма, со поголема застапеност на теми од областа на биолошката разновидност. Резултатот од оваа соработка е прикажан во публикација, достапна на следната врска: https://www.bregalnica-ncp.mk/wp-content/uploads/2016/12/Razvoj_na_predmetnite_programi_na_UKIM_SF.pdf.<br>Во елаборатите за акредитација и повторна акредитација на студиските програми кои следуваа се правени ситни, но значајни промени и дополнувања на предметните програми со нови научни и стручни достигнувања од областите шумарство, пејзажна архитектура и екоинженеринг. При изработката на елаборатите за акредитација и повторна акредитација водена е грижа за вклучување на препораките од студентите, преку вклучување на претставници на студентите како членови во комисиите и поткомисиите, и во вклучување во процесот на донесувањето одлуки преку учество на претставниците на студентите во наставно-научниот совет и Деканатската управа. | |
| **Прилози** | |
| 2.5.Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства. | Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература);<br>Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните пет години.<br>Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства. |
| Студиските програми на УКИМ ХЕФ се конципирани врз искуството во изведувањето на наставата во изминатите седум децении и врз основа на студиските програми од реномирани универзитети од поблиското опкружување (Белград, Загреб, Софија и сл.) и од Европа (Словенија, Швајцарија, Германија, Велика Британија, Русија и сл.), а секогаш во согласност со потребите за стручен и академски кадар на општеството и стопанството во државата. Сите предметни програми на УКИМ ХЕФ содржат листа на поширока дополнителна литература која што е сочинета е најеминентните учебници во предметните области кои што се прифатени како универзитетски учебници на најпрестижните универзитети во Европа и САД. Дел од наставно-образовниот процес на УКИМ ХЕФ се реализира со наставници од други факултети (Природно-математички факултет, Архитектонски факултет, Факултет за ликовни уметности, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер и др.). УКИМ ХЕФ во континуитет ангажира и истакнати стручњаци од практиката за вршење на високообразовна дејност со одлука на наставно научниот совет на факултетот. Врска: https://sf.ukim.edu.mk/akti.htm. Размената со академски кадар од други академски центри од земјата и странство е на релативно ниско ниво и е далеку под потребите. Студентската размена со други академски центри во земјата и странство е присутна, меѓутоа под можностите, за што влијание има економската состојба во државата. | |
| **Прилози** | |
| 2.6. Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи. | Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми);<br>Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните односно студиските програми;<br>Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии) во последните пет години за сите студиски програми. |
| Во предметните програми, кои се составен дел на секој елаборат за акредитација и повторна акредитација на судиските програми на УКИМ ХЕФ, јасно се наведени часовите за настава и учење, како и очекуваното оптоварување за совладување на предметните програми.Во рамките на годишниот извештај на Факултетот се наведени спроведените активности за реализираната практична настава (стручна и феријална пракса). По остварувањето на практичната настава студентитесе стекнуваат со право на потпис за реализирани задолжителни активности согласно студиските програми на УКИМ ХЕФ. Преку службата за студентски прашања на крајот од секој семестар се следи реализацијата на практичната настава. Секоја од студиските програми на | |

| | |
|---|---|
| УКИМ ХЕФ вклучува и задолжителна реализација на теренска настава како најважна алатка за создавање на остручен шумарски кадар. Извршената теренска настава се валоризира по доставување на извештај од теренска настава или соодветен елаборат. План за теренска настава во летниот семестар од учебната 2023/2024 година е достапен на следната врска: http://www.sf.ukim.mk/oglasna_tabla-informator/nastava/plan_teren_leten_2023_2024.pdf.<br>Следните институции вклучиле студенти во практична настава: Сули Ан (10 студенти), Balkan meeting (3 студенти), Инокамп (2 студенти), Википедиа (11 студенти) и Erasmus+ (3 студентиодРоманија). | |
| **Прилози** | |
| 2.7. Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата. | Линк до веб страна каде се објавени наведените информации.[2] |
| Информациите се објавуваат на веб-страницата на УКИМ ХЕФ: https://sf.ukim.edu.mk/ | |
| **Прилози** | |
| 2.8. Високообразовните установи ги следат и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел истите ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници. | Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата;<br>Индикатори и заклучоци;<br>Приказ на ревидирани студиски програми во последните пет години со информации за природата на измената причините за спроведените промени и очекуваните резултати. |
| УКИМ ХЕФ гиследи глобалните случувања и ги прилагодува наставните програми и содржините на одделни наставни дисциплини. Речиси да не постои сегмент од шумарските науки и практики кои немаат директно или индиректно влијание од и врз новите технологии. Посветено и непосредно се работи со сите студенти и се образува современ високо стручен кадар во шумарството, пејзажната архитектура и екоинженерингот, кој во зенитот на актуелната технолошка револуција ќе може да понесе одговорност во заштитата и унапредувањето на шумите, зелените површини, биодиверзитетот и природните ресурси на државата.Во поново време е оформена лабораторија за ГИС, во која, за потребите на наставата и на науката, се разработуваат современи компјутерски апликативни програми од областа на шумарството и озеленувањето на животната средина, се прават истражувања со далечинска детекција (remote sensing) и сателитски снимки, се осознаваат можносите на LiDAR технологијата и дроновите. Во текот на 2016 г. во Лабораторијата за истражувања од областа на молекуларната биологија, во состав на фитопатолошката лабораторија, за првпат самостојно е изолирана ДНК од примероци микроорганизми, за во 2017 г., по додатна обработка на ДНК, примероците да се секвенционираат во други лаборатории со кои соработува факултетот. На веќе кажаното, претстои дополнителен забрзан развој на науката кој со себе го носи вештачката интелигенција. Од промените и надоградувањето на предметните и студиските програми најголема корист ќе имаат идните студенти, најмногу заради приближувањето на програмите кон најновите трендови во современото шумарство, не само од научен туку и од практичен аспект. Современите теми и пристап се на некој начин и гаранција за поголема атрактивност на севкупната наставна програма, и тоа на сите студиски програми на УКИМ ХЕФ.<br>Следењето на мислењето и задоволството на студентите од нивото и квалитетот на реализирање на предавањата и вежбите, расположивата литература, како и односот, одговорноста, капацитетот и квалитетот на наставниот и соработничкиот кадар се врши преку анкета која се спроведува континуирано при заверка на секој зимски или летен семестар, за секоја академска година.<br>Секој следен елаборат за акредитација или повторна акредитација на студиска програмасодржи промени кои имаат за цел да овозможат флексибилно учење преку интерактивна настава со интердисциплинарен пристап базиран на студии на случај и со примена на најсовремените технологии, а во насока на поттикнување на мотивацијата кај студентите активно учество во целокупниот образовен и истражувачки процес. | |

2 Стручната комисија може да побара координаторот при АКВО да ги спореди објавените информации со официјалните записи во АКВО.

| **Прилози** | |
|---|---|
| 2.9. Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат. | Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните пет години. |

На УКИМ ХЕФ на прв циклус студии се изучуваат 3 студиски програми, На сите 3 студиски програми достапни се вкупно 129 предмети (предметни програми).
На студиската програма Шумарство, од прв циклус на студии, се изучуваат 40 предметни програми, од што 24 се задолжителни, 12 изборни од насоката и 4 изборни од универзитетската листа. Како обврска во реализацијата на стадиумот се и обврските за реализација на стручна пракса (V и VI семестар) и феријалната пракса во VI и VII семестар, односно три стручни пракси (V, VI и VII семестар) и една феријална пракса (VI семестар).
На студиската програма Пејзажно дизајнирање, од прв циклус на студии, се изучуваат 40 предмети, од што 24 се задолжителни, изборни 12 и 4 предметни програми од листата на УКИМ. Покрај тоа се реализираат три стручни пракси (V, VI и VII семестар) и една феријална пракса (VI семестар).
На студиската програма Екоинженеринг и екоменаџмент се изучуваат 44 предмети, од што 24 се задолжителни, изборни 12 од можни 24, 4 предметни програми од листата на УКИМ и 4 пракси, од кои три стручни пракси (V, VI и VII семестар) и една феријална пракса (VI семестар).
Во учебната 2023/2024 година на трите студиски програми од прв циклус на студии се запишале: во првагодина – 59 студенти, во втората година 37 студенти, третагодина 3 студенти, во четвртагодина 1 студент и 2апсолвенти.Бројнастудентикоигинапуштилестудиите: вопрвагодина 3 студенти, во втората година 3 студенти, во третагодинанема, во четврта годинанемаи апсолвентинема.Најчестипричинизанапуштањенастудиитеселичнипричини
На втор циклус на студии достапни се вкупно 54 предмети на студиската програма Шумарство и 53 предмети на студиската програма Озеленување и унапредување на животната средина. Во учебната 2023/2024 година на двете студиски програми на втор циклус на студии се запишале 2 студенти.
Просечните оценки по предмети на УКИМ ХЕФ за учебната 2023/2024 г. се следните:
Ботаника 8.71
Бонсаи и минијатурни градини 8.5
Вовед во пределно и просторно планирање 10.0
Влијание на активностите врз животната средина 9.0
Геодезија со техничко цртање 7.11
Геоинформатика 10.0
Геоморфологија со геодиверзитет 9.0
Дизајнирање на паркови и зелени површини 6.0
Дизајнирање на градини 10.0
Деградација на земјишттето и опустинување 7.67
Дендрологија 9.33
Дендрометрија 8.0
Познавање на дрвото 6.5
Историја на парковска уметност 9.5
Екоклиматологија 6.73
Ергономија 8.56
Ентомологија 8.0
Економика на претпријатија 8.5
Исхрана на растенија 8.2
Идентификација и производство на печурки 9.0
Компјутерски апликации 9.21
Компјутерска графика 8.5
Користење на шумите 7.0
Ловство 6
Математика 8.2
Маркетинг и цени 8.33
Мелиорација на деградирани шуми и шикари 7.0
Менаџмент на претпријатија 8.0
Многуфункционално стопанисување со шумите 8.5

| |
|---|
| Општа и пределна екологија 9.67<br>Отровни, лековити и јадливи растенија 9.75<br>Основи на генетика со облагородување 7.0<br>Основи на урбанизам 9.25<br>Одгледување на шумите 6.25<br>Отварање на шумите 8.67<br>Одгледување и заштита на дивата фауна 9.0<br>Парковска архитектура 9.33<br>Перени и едногодишни растенија 9<br>Парковски инфраструктурни објекти 9.0<br>Пошумување 9<br>Пејзаж и дизајн на зелените површини 9.67<br>Производство на декоративни растенија 7.5<br>Подигнување и нега на зелени површини 9.0<br>Рекултивација на копови, јаловишта и депонии 9.33<br>Рекреациско туристички аспекти на шумите и зелените површини 9.67<br>Топографија 7.73<br>Заштита на дрвото 8.0<br>Зооекологија и систематика на дивечот 7.5<br>Заштита на шумите и зелените површини 8.67<br>Заштита на земјиштето од ерозија 10.0<br>Механизација во шумарството 6<br>Уредување на шумите 8.0<br>Управување со водни ресурси 9.33<br>Управување со заштитени подрачја 9.5<br>Урбано зеленило 8.0<br>Урбана дендрологија 8.33<br>Уредување на поројни сливови 10.0<br>Фитоценологија 8.5<br>Фитопатологија 6.75<br>Цветно аранжирање 9.67<br>Цртање и обликување 9.86<br>Штетници на шумски видови дрвја 8<br>Штетници на декоративни растенија 9<br>Шумско-еколошка политика 8.25<br>Шумска микологија со лихенологија 6<br>Шумски култури 7<br>Шумска и урбана хидрологија 8.33<br>Шумска инвертебрата 8.0 |
| **Прилози** |

## Стандард 3

| СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 3.1. Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес. | Приказ на системот за изведување на настава на ниво на установа; Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата; Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење. |

Наставно-образовниот процес на студиските програми на УКИМ ХЕФ е организиран согласно принципите, критериумите и препораките на Болоњскиот процес и се реализира по моделот 4 + 1 (додипломски и последипломски студии). Студиската година почнува на 1 октомври, а завршува на 30 септември и се дели на два семестра, зимски и летен семетар. Наставата во зимскиот семестар започнува на 1 октомври и трае до 15 јануари следната година, а наставата во летниот семестар започнува на 15 февруари и трае до 1 јуни. Распоредот на наставата (академски календар) се објавува пред почетокот на учебната година на веб-страницата на Факултетот: https://sf.ukim.edu.mk/akti.htm, односно на директната врска http://www.sf.ukim.mk/oglasna_tabla-informator/UPISI&ZAVERKI/2023_2024/kalendar_2023_2024.pdf.

Во наставно-образовниот процес на студиските програми се користат разни форми и модули на методи, техники и технологии, начини и форми на реализација на наставата и вежбите, од класична настава до примена на најсовремена техника и технологија. Целиот наставен кадар располага со лап-топ компјутери и друга потребна опрема (инструменти за мерење, дронови и сл.). Во наставата и вежбите се користи аудио-визуелна технологија – LCD проектори. Во наставно-образовниот процес, освен со наставници од матичната установа учествуваат и наставници од други факултети во составот на УКИМ.

Предавањата ги изведуваат наставници избрани во наставно-научно звање. Наставниците се должни предавањата да ги реализираат согласно со предметната програма која е дел од студиската програма. Дел од предавањата можат да се изведуваат од страна на истакнат стручњак од практиката од соодветната област. Во наставно-образовниот процес по потреба и согласно можностите се вклучуваат и визитинг-наставници од странство. Со предавањата се обезбедува синтетизиран преглед на содржините од предметната програма. Во текот на предавањата, на студентите можат да им бидат презентирани и дополнителни содржини и најнови сознанија од областа кои се во функција на совладување на делови од предметната програма. За овие содржини на студентот му се обезбедува соодветна дополнителна литература.Наставата по предметните програми се изведува според претходно подготвен ираспоред на часови со точно означување на предавалните (амфитеатри, училници и лабораториии), навремено објавен на веб страницата на УКИМ ХЕФ. Врска: https://sf.ukim.edu.mk/oglasna_tabla.htm.

Вежбите претставуваат дел од наставно-образовниот процес во кој студентите совладуваат практични искуства во согласност со предавањата од предметната програма. Соработникот (аистент) ангажиран да ги изведува вежбите е должен на студентот активно да му објаснува, нагледно да му помага и да работи со него во текот на изведувањето на вежбите. Наставниците ангажирани за изведување на наставата по дадена предметна програма се одговорни за подготовката и надзор на вежбите. Во досегашното седум деценискотo постоење на факултетот се покажало дека теренската настава е една од најважните алатки за создавање на високостручен шумарски кадар. Денес, недостатокот на материјални средства за изведување на теренска настава е главен предизвик во наставно-образовниот процес на Факултетот. Заради тоа, важно е да се истакне дека теренската настава била подложна на промени во обемот и зачестеноста, но квалитетот секогаш бил соодветен на предизвиците во современите достигнувања на шумарските науки, пејзажната архитектура и екоинжинерингот.

Проверката на знаењето (полагање испити) со воведувањето на ЕКТС се реализира преку колоквиуми и завршни испити. Семинарските работи, елаборатите-проектите, теренската настава и другите задолжителни и индивидуални активности имаат значајно место и улога во крајното оценување на студентот по скоро сите стручни предмети. За успешно реализирање на стручните и феријалните пракси на студентите, изготвен е официјален документ (писмо) со кој што одреден студент се упатува во компанија со која што факултетот има потпишан меморандум за соработка и договор за практична работа, со назнака за времето и активностите кои треба да бидат спроведени во компанијата. Студентот во текот на праксата има задача да води дневник со активности, кој се заверува од компанијата, а ја прегледува и верификува наставник-одговорно лице назначено од факултетот.

Завршното оценување по одделните предметни програми, по завршувањето на семестарот се врши во точно дефинирани термини во три испитни сесии: јануари, мај/јуни и август/септември. Сесиите во јануари, јуни и

<table>
<tr><td colspan="2">септември се со двојни рокови, така што студентот има можност да избира термин за полагање. За апсолвентите се предвидени и вонредни сесии во ноември, декември, март и април. На Факултетот, распоредот на полагање на предметите по сесии се објавува однапред, т.е. три пати годишно, со што студентите се навремено информирани за термините за полагање на секој испит. Врска: https://sf.ukim.edu.mk/oglasna_tabla.htm.<br>Дипломската работа претставува самостоен труд на студентот и вообичаено се реализира за време од околу 3 месеци или вкупно 210 часа. Според ЕКТС, дипломската работа има третман на завршен испит со ист број на кредити колку што се и кредитите на еден од изборните предмети во последниот, 8-ми семестар на студии. На тој начин на студентот му се овозможува да ги заврши студиите во рамките на 4-те академски години, да ги оствари пропишаните 240 кредити и да се здобие со звањето дипломиран инженер.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози</td></tr>
<tr><td>3.2. Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи.</td><td>Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно;<br>Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми;<br>Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата.</td></tr>
<tr><td colspan="2">УКИМ ХЕФ е јавна високообразовна и научна институција која негува еднаков етички пристап кон сите членови на академската заедница – лицата избрани во наставно-научни, наставни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и студентите, почитувајќи ги етичките начела за морално оправдано однесување, правилата на наставната и научната работа содржани во Етичкиот кодекс на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, како и Декларацијата за родова еднаквостна УКИМ и Планот за родова еднаквост на УКИМ. Нема евидентиран случај на етички неприфатливи однесувања (дискриминација, вознемирување и/или не објективност) помеѓу членовите на академската заедница во рамките на Факултетот. Покрај Етичкиот кодекс на УКИМ, оваа тема е опфатена уште и со Законот за заштита на укажувачи и Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во јавниот сектор, врз основ на што УКИМ ХЕФ има донесено Одлука за назначување на овластени лица за прием на пријава од укажувачи. Сите споменати акти се достапни на веб-страницата на факултетот, односно на врската: https://sf.ukim.edu.mk/akti.htm.<br>Студентите на УКИМ ХЕФ, соодветно со нашето мултикултурно општество, се лица со индивидуален социјален идентитет кој го сочинуваат разлики по однос на возраста, социо-економскиот статус, родовиот идентитет, националноста, попреченоста и др. Различноста во училницата е наставна алатка и можност за образовно збогатување сама по себе. Наставниците можат да им помогнат на учениците да се чувствуваат ценети и почитувани преку промовирање на културната свест во училницата, што е степен на разбирање на луѓето од различни средини. Ова нуди можност за поединечна или групна партиципација на студентите во дискусии, дебати, симулации и вежби кои стимулираат активен индивидуален ангажман и критичко мислење.<br>Реализацијата на студиските програми се одвива преку примена на аудиториски, лабораториски и теренски предавања и вежби, со тоа што согласно специфичноста на студиската програма се прменува и обемот на аудиторискиот, теренскиот или практичниот дел.Како иновативен метод во изведување на наставата може да се спомене соработката на факултетот со Факултетот за применети науки во Берн (Швајцарија) преку која се организирани повеќе предавања и теренски вежби на студенти од двете држави, како и соработка на ниво на студенти и магистранти од двете држави под покровителство на ментори од двата факултети.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>3.2.А.Етички кодекс на УКИМ (https://ukim.edu.mk/univerzitet/dokumenti/etichki-kodeks-2/)<br>3.2.Б.Декларација за родова еднаквост на УКИМ<br>(https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/Declaration_Gender_equality_UKIM-mk.pdf)<br>3.2.В.План за родова еднаквост на УКИМ (https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/UKIM_GEP_2022-2025-MK.pdf)</td></tr>
<tr><td>3.3. Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти.</td><td>Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.;<br>Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости;<br>Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата.</td></tr>
</table>

Во наставно-образовниот процес на студиските програми се користат разни форми и модули на методи, техники и технологии, начини и форми на реализација на наставата и вежбите, од класична настава до примена на најсовремена техника и технологија. Наставниот кадар располага со лап-топ компјутери. Во наставата и вежбите се користи аудио-визуелна технологија – LCD проектори. Дел од предавањата можат да се изведуваат од страна на истакнат стручњак од практиката од соодветната област. Во наставно-образовниот процес по потреба и согласно можностите се вклучуваат и визитинг-наставници од странство.Информатичката технологија е имплементирана во наставниот процес. Во компјутерските училници студентите следат настава, а и самостојно изработуваат вежби со користење на готови софтверски пакети и/или изработуваат сопствени софтверски решенија за конкретни проблеми и задачи од шумарството, пејзажната архитектура и екоинженерингот.
УКИМ ХЕФ има позитивенстав за прилагодувањето на наставата согласно потребите на студентите или согласно други национални или глобални случувања.
На пример, во периодот 2019–2022 г. и пандемијата со корона вирусот SARS-CoV-2, по преземањето на сите мерки за заштита согласно со препораките на здравствените институции, наставата беше изведувана преку средствата за електронска комуникација и учење (Microsoft Teams, Google Classroom, Zoom и сл.). Имено, УКИМ ХЕФ е една од првите институции која изведе онлајн час на 13.3.2020 г. по предметот Урбана дендрологија. За потребите на ваквата настава, беа изготвени соодветнипоказни видео материјали по најголем дел од предметите (пр. Геоинформатика, Педологија, Урбана дендрологија и др.) и истите се поставени на платформата Youtube. Тоа практично значеше дигитализација на наставата. Покрај наставата, и испитите беа одржувани преку овие платформи на интерактивен начин и со интердисциплинарен пристап базиран на студии на случај.
На Конкурсот за дизајн на зелен парк со површина од 5000 $m^2$, во рамки на кампањата „Засади желба за поубава иднина“, во организација на Пензија.мк, наменет за студенти на УКИМ ХЕФ и студенти од Архитектонскиот Факултет во Скопје учество земаа 5 студенти од студиската програма Пејзажно дизајнирање на УКИМ ХЕФ, под менторство на ас. м-р Брндевска Стипановиќ. Студентите Мила Ѓорѓевска и Перица Кипријановиќ освоија прво и трето место, и беа наградени со дигитални таблети за цртање. Детална информации се достапни на следната врска: http://www.penzija.mk/.../%d0%bd%d0%b0%d0%b3%d1%80%d0%b0.../ .

**Прилози**
3.3. Фактограф на ПЗП за унапредување на курикулумот на УКИМ ХЕФ
https://www.bregalnica-ncp.mk/wp-content/uploads/2024/03/PZP_Issue-Sheet_5_Forestry_mk2.pdf

| | |
|---|---|
| 3.4. Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. | Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. |

Оценувањето на успехот студентите по секој предмет е сеопфатен процес на евалуација на работата на студентот, при што покрај стандардните алатки за проверка на знаењето се вреднува и индивидуална научно-истражувачка работа на студентот (проект) која континуирано се спроведува во текот на семестарот. Кај мнозинство од предметите оценувањето и испитувањето содржи комбинација од најмалку два методи на вреднување на работата на студентот, а најчесто се однесуваат на тестови, индивидуални или групни проектни задачи, активност на часовите, самостојни семинарски задачи, презентации и сл.
За наставниот кадар на УКИМ ХЕФ во соработка со Програмата за заштита на природата во Македонија (ПЗП) и Бернскиот Универзитет за применети науки (БФХ-ХАФЛ) беа одржани две значајни обуки: Обука за дидактика за наставно-научен и соработнички кадар на УКИМ ХЕФ (20-22 јуни 2018 г.) и Статистика и употреба на софтверот R (5-8 ноември 2019 г., предавач: д-р Џереми Хентген) достапна на врската https://www.bregalnica-ncp.mk/2019/11/18/realiziran-trening-za-statistika/?lang=en.

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 3.5. Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати. | Линк до веб страна или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување. |

Критериумите и методите на вреднување и оценување се јасно наведени во предметните програми од сите студиски програми кои се акредитирани на I и II циклус на студии на УКИМ ХЕФ. На секој прв час по одреден предмет, наставниот кадар задолжително ги презентира критериумите и методите на вреднување и оценување. Сите детали, како составен дел на елаборатот за акредитација се достапни и на веб страната на факултетот:

| | |
|---|---|
| https://sf.ukim.edu.mk/studii.htm. | |
| **Прилози** | |
| 3.6. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процесот на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи. | Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните пет години (доколку е применливо);<br>Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето;<br>Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето;<br>Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи. |
| Форми на наставните активности: Предавања – теоретска настава, Проекти (студија на случај) и тимска работа и Вежби (лабораториски, аудиториумски). Други форми на активности: Проектни задачи, Самостојни задачи и Домашно учење – задачи.<br>Услов за потпис: Присуство и учество во сите форми на наставата (предавања, вежби, теренска настава).<br>Начин на оценување: Тестови, Индивидуална работа/проект (презентација: писмена и усна) и Активност и учество.<br>Критериуми за оценување (бодови/оценка): до 50 бода 5 (пет) (F); 51 до 60 бода 6 (шест) (E); 61 до 70 бода 7 (седум) (D); од 71 до 80 бода 8 (осум) (C); од 81 до 90 бода 9 (девет) (B); од 91 до 100 бода 10 (десет) (A).<br>Сите предмети на УКИМ ХЕФ имаат композитен систем на оценување, а студентите добиваат константни повратни информации од професорите во процесот на изработката на индивидуалните и проектните задачи. Секој член на наставниот кадар на Факултетот има неделни термини за консултации со студентите на кои се споделуваат и информации околу оценувањето на студентите (https://www.sf.ukim.edu.mk/oglasna_tabla-informator/termini_konsultacii_zimski_2019.pdf). Преку електронскиот систем за управување со податоци на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – iKnow, студентите се навремено информирани околу термините за испити, резултатите од испитувањето, резултатите од изработената предметна задача или семинарска работа,напредокот кон успешно совладување на предметната програма и сл. | |
| **Прилози** | |
| 3.7. Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен. | Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите;<br>Акти за спречување на корупцијата на установата;<br>Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните пет години со процент на позитивно и негативно решени жалби;<br>Приказ на пријави на корупција во установата. |
| Антикорупциската политика на УКИМ ХЕФ се води според Антикорупциската програма на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во согласност со статутот на Универзитетот и на Факултетот, пријавувањето на корупција се врши преку студентскиот правобранител, кој постапува по поднесок од страна на студентите и по сопствена иницијатива доколку е проценето дека е прекршено правото на студентот од страна на органите на Факултетот или други членови на академската заедница на Факултетот (https://sf.ukim.edu.mk/pravobranitel.htm).<br>Во секое решение издадено од Деканот на УКИМ ХЕФ има правна поука за жалба/приговор на истото согласно Законот за општата управна постапка, а надлежноста е на Деканатската управа да одлучува по жалби/приговори од студенти против решение на Деканот (согласно Статутот на Факултетот). Во последните 5 години, од 2019 година, нема поднесени жалби/приговори од студенти против решение на Деканот на УКИМ ХЕФ. | |
| **Прилози**<br>3.7.А. Антикорупциската програма на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје<br>(https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/Antikorupciska-programa-UKIM.pdf)<br>3.7.Б. Статут на УКИМ ХЕФ<br>(https://sf.ukim.edu.mk/akti.htm и http://www.sf.ukim.mk/Dokumenti/glasnik/glasnik_467_2019.pdf) | |

## Стандард 4

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>4.1. Високообразовната установа соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни.</td><td>Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Линк до веб страна на објавата.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Текот на студиите и напредувањето на студентите низ целокупниот процес е детално опишан и во елаборатот за акредитација на секоја од студиските програми, достапни на веб-страницата на Факултетот (https://sf.ukim.edu.mk/dodiplomski_studii.htm). Условите и начинот на студирање се исто така достапни на веб-страницата на Факултетот, односно на следната врска: https://sf.ukim.edu.mk/uslovi_i_nacin_na_studiranje.htm.<br>Сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите се уредени со Одлуката за правила на студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и на втор циклус студии (постдипломски студии) на УКИМ ХЕФ, Одлуката за висината на надоместоците за извршени образовни, административни и други услуги што ги плаќаат студентите на УКИМ ХЕФ, достапни на веб-страницата на Факултетот: https://sf.ukim.edu.mk/akti.htm иhttps://sf.ukim.edu.mk/dodiplomski_studii.htm.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>Прилог 4.1.А. Услови и начин на студирање (https://sf.ukim.edu.mk/uslovi_i_nacin_na_studiranje.htm)<br>Прилог 4.1.Б. Одлука за правила на студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и на втор циклус студии (постдипломски студии) на УКИМ ХЕФ (https://sf.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2022/02/Odluka_pravila_studiranje_Glasnik_577.pdf)<br>Прилог 4.1.В. Одлука за висината на надоместоците за извршени образовни, административни и други услуги што ги плаќаат студентите на УКИМ ХЕФ (http://www.sf.ukim.mk/Dokumenti/odluki/Odluka02_253_4.pdf)</td></tr>
<tr><td>4.2. Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации.</td><td>Информација за постоење на соодветни алатки за следење на напредокот на студентот;<br>Доказ дека системот е функционален.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Напредокот на секој студент одделно, но и успехот и напредокот на целата генерација на запишани студенти, како по година на запишување така и по одделен предмет е можно и се прави со користење на iKnow системот на УКИМ (www.iknow.ukim.edu.mk) кој овозможува преглед на успехот и напредокот на студентите.Овој систем нуди и напредни можности за анализа на податоците за секој студент одделно, за сите кандидадти по предмет и студиска програма и за секој член на наставниот кадар на УКИМ ХЕФ (пр. просечните оценки по предмети, статистички показатели за различните форми на наставните активности и другите форми на активности на студентите итн.).</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>4.2. iKnow систем на УКИМ (www.iknow.ukim.edu.mk)</td></tr>
<tr><td>4.3. Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите.</td><td>Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Листа на студенти на кои им е признато неформалното и формалното учење вклучувајќи и за време на мобилноста, за последните пет години.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Периодот на студирање и претходно учење, признавањето на неформалното и формалното учење на студентите за време на студиите е регулирано со Одлуката за правила на студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и на втор циклус студии (постдипломски студии) на УКИМ ХЕФ.<br>Семинарските работи, елаборатите-проектите, теренската настава и другите задолжителни и индивидуални активности имаат значајно место и улога во крајното оценување на студентот по скоро сите стручни предмети. Студентот во текот на праксата има задача да води дневник со активности кој на крај се заверува од компанијата,</td></tr>
</table>

а ја прегледува и верификува наставник-одговорно лице од редот на наставниците на Факултетот.
На Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје успешно се реализира програмата Erasmus+ на Европската Унија во областа на високото образование, која овозможува соработка и размена на студенти и кадар помеѓу партнерски универзитети во Европа.
Во рамки на програмата Erasmus+, на УКИМ се распишуваат годишни конкурси за реализација на мобилности на студенти и наставно-научен кадар, на високо-образовни и научни институции во Европа, со кои се склучени Erasmus договори за соработка. УКИМ ХЕФ како единица во составот на УКИМ ги признава периодите на студирање преку студентска мобилност. Детални информации за можностите кои ги нуди Erasmus+ програмата на студентите се достапни на веб-страницата на Факултетот, на следната врска: https://sf.ukim.edu.mk/erazmus.htm.
Во последните годии на следите студенти им е признаено неформалното и формалното учење вклучувајќи и за време на мобилноста: Анастасија Милошовска, Анастасија Митревска и Давор Петровски.

**Прилози**

4.3. Одлука за правила на студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и на втор циклус студии (постдипломски студии) на УКИМ ХЕФ (https://sf.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2022/02/Odluka_pravila_studiranje_Glasnik_577.pdf)

| | |
|---|---|
| 4.4. По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документација е јасна, разбирлива и сеопфатна. | Диплома, уверение и додаток на диплома |

По завршувањето на студиите, УКИМ ХЕФ за студентите ги изготвува следните документи: Уверение за завршен прв циклус на студии, Додаток на диплома за прв циклус на студии, Уверение за завршен втор циклус на студии и Додаток на диплома за втор циклус на студии. Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ е надлежен за издавање на крајните дипломи за завршени прв и втор циклус на студии. Документација која ја изготвува УКИМ ХЕФ е јасна, разбирлива и сеопфатна, ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии.

**Прилози**

4.4. Примерок од Уверение за завршен прв/втор циклус на студии, Додаток на диплома за прв/втор циклус студии https://sf.ukim.edu.mk/akti.htmи https://sf.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2024/10/Uverenie_Dodatok_1_2.pdf

## Стандард 5

| СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР[3] | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 5.1. Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети. | Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните пет години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати);<br>Одлуки за избор во звање;<br>Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите пет години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице). |

Наставничкиот и соработничкиот кадар е максимално ангажиран во реализацијата на образовниот процес на студиските програми од I и II циклус на студии. Со ист кадар се реализира високообразовниот процес на трите додипломски и двете постдипломски студиски програми. Дел од овој кадар е ангажиран и на студиските програми на други единици на УКИМ –Скопје (ФДТМЕ – Скопје и ФЗНХ – Скопје). Заклучно со учебната 2018/2019 г., во реализацијата на наставата на студиските програми ангажирани се 19 наставници и 1 лаборант од матичниот факултет, како и наставници од други факултети на Универзитетот. Лошата кадровска состојба беше предизвик во работата на Факултетот повеќе од една деценија во која наставниците мораа самостојно да ги одржуваат предавањата и вежбите и кога секој наставник беше задолжен со околу 5 предметни програми. Во летниот семестар од учебната 2019/2020 г. избрани се 8 лица во соработнички звања (асистенти) на различни катедри на Факултетот, што придонесе за значително подобрување на кадровската структура, комуникацијата со студентите и квалиететот на наставата.

Денес, во реализацијата на наставата на сите студиски програми на УКИМ ХЕФ ангажирани е реномиран наставен кадар: 16 редовни професори, 2 вонредни професори, 1 доцент, 7 асистенти и 1 лаборант. Наставниот кадар за време на извештајниот период учествуваше во реализација на значајни плански и стратешки проекти како и научноистражувачки и апликативни проекти кои се во функција на развој на дејностите шумарство, пејзажното дизајнирање, екоинжинерингот и екоменаџментот, како и заштита, одржливост и унапредување на животната средина во шумските екосистеми, урбаното и вонурбаното зеленило.

Членовите на наставниот и соработничкиот кадар на УКИМ ХЕФ се одликуваат со исклучителни професионални вредности, знаења и вештини. Наставниците ја промовираат идејата за доживотно учење, имаат професионален интегритет и посветенисе на наставничката професија, остваруваат активна соработка со сите чинители на воспитно-образовниот процес, промовираат еднаквост, инклузија и социјална правда.

Во понатамошниот дел следи приказ на наставниот кадар ангажиран за одржување на наставата на студиските програми од I и II циклус на студии на УКИМ ХЕФ, со дадени врски до нивните компетенции, биографија и последен избор во звање.

1. Андоновски, проф. д-р Влатко, редовен професор (компетенции, биографија, последен избор во звање)
2. Ацевски, проф. д-р Јане, редовен професор (компетенции, биографија, последен избор во звање)
3. Блинков, проф. д-р Иван, редовен професор (компетенции, биографија, последен избор во звање)
4. Брндевска Стипановиќ, ас. м-р Викторија, асистент (компетенции, биографија, последен избор во звање)
5. Василевски, проф. д-р Коле, редовен професор (компетенции, биографија, последен избор во звање)
6. Велковски, проф. д-р Николчо, редовен професор (компетенции, биографија, последен избор во звање)
7. Димитрова, ас. м-р Анастазија, асистент (компетенции, биографија, последен избор во звање)
8. Колевска, проф. д-р Дана Дина, редовен професор (компетенции, биографија, последен избор во звање)
9. Малетиќ, проф. д-р Владимир, редовен професор (компетенции, биографија, последен избор во звање)
10. Минчев, вонр. проф. д-р Иван, вонреден професор (компетенции, биографија, последен избор во звање)
11. Најдовски, ас. м-р Борис, асистент (компетенции, биографија, последен избор во звање)
12. Начески, проф. д-р Стерја, редовен професор (компетенции, биографија, последен избор во звање)
13. Несторовски, проф. д-р Љупчо, редовен професор (компетенции, биографија, последен избор во звање)
14. Николов, проф. д-р Никола, редовен професор (компетенции, биографија, последен избор во звање)
15. Папазова Анакиева, проф. д-р Ирена, редовен професор (компетенции, биографија, последен избор во

3 Се однесува на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност.

звање)
16. Ризовска – Атанасовска, проф. д-р Јасминка, редовен професор (компетенции, биографија, последен избор во звање)
17. Ристески, доц. д-р Михајло, доцент (компетенции, биографија, последен избор во звање)
18. Симовски, вонр. проф. д-р Бојан, вонреден професор (компетенции, биографија, последен избор во звање)
19. Сотировски, проф. д-р Кирил, редовен професор (компетенции, биографија, последен избор во звање)
20. Стојановска, проф. д-р Македонка, редовен професор (компетенции, биографија, последен избор во звање)
21. Стојановски, ас. м-р Владимир, асистент (компетенции, биографија, последен избор во звање)
22. Тановски, ас. м-р Владимир, асистент (компетенции, биографија, последен избор во звање)
23. Трајанов, проф. д-р Здравко, редовен професор (компетенции, биографија, последен избор во звање)
24. Трајков, проф. д-р Панде, редовен професор (компетенции, биографија, последен избор во звање)
25. Трендафилов, ас. м-р Божин, асистент (компетенции, биографија, последен избор во звање)
26. Цокоски, ас. м-р Кристијан, асистент (компетенции, биографија, последен избор во звање)

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 5.2. Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научни публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии односно научната област. | Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл.2 т.21 од ЗВО) на наставниот кадар во последните пет години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т.21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа;<br>Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот. |

| **Р. бр** | **Име и презиме** | **Назив на трудот** | **Врска до трудот** | **Категорија согласно ЗВО** | | | | | | **Вку-пно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | **А** | **Б** | **В** | **Г** | **Д** | **Ѓ** | |
| 1 | АНДОНОВСКИ, проф. д-р Влатко | / | / | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| 2 | АЦЕВСКИ, проф. д-р Јане | / | / | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| 3 | БЛИНКОВ, проф. д-р Иван | Mincev I., Blinkov I., Trendafilov A., Trendafilov B. Development of Erosion Protection Zones in the Catchment of the Kalimanci Reservoir, North Macedonia. IJERD – International Journal of Environmental and Rural Development. Japan. 2023. | https://iserd.net/ijerd141/IJERD14-1.pdf | **1** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **1** |
| 4 | БРНДЕВСКА СТИПАНОВИЌ, | / | / | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ас. м-р Викторија | | | | | | | | | |
| 5 | ВАСИЛЕВСКИ, проф. д-р Коле | / | / | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| 6 | ВЕЛКОВСКИ, проф. д-р Николчо | Velkovski, N., Govedar, Z., Hristovski, S., Najdovski, B. (2023): Sustainable development and management of beech forests: Monograph Sustainable development and management of forest ecosystems. Academy of sciences and arts of the Republic of Srpska, Scientific monographs, Book LI, Banja Luka, pg. 537-576. DOI 10.7251/EORU 2305537V | https://www.researchgate.net/publication/377974730_Sustainable_development_and_management_of_beech_forests | **1** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **3** |
| | | Veapi, E., Jovanovska, D., Chobanova, M., Velkovski, N., Hristovski, S. (2023). Down dead wood in a montane beech forest stands on Deshat mountain. 4. Decomposition of down dead wood. Macedonian Journal of Ecology and Environmental 2023, Vol. 25, issue1 pp.35-41, Skopje | https://www.mjee.org.mk/index.php/mjee/article/view/201 | 0 | **1** | 0 | 0 | 0 | 0 | |
| | | Veapi, E., Jovanovska, D., Chobanova, M., Velkovski, N., Hristovski, S. (2023). Down | https://www.mjee.org.mk/index.php/mjee/article/view/200 | 0 | **1** | 0 | 0 | 0 | 0 | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | dead wood in a montane beech forest stands on Deshat mountain. 3. Mineral composition. Macedonian Journal of Ecology and Environmental 2023, Vol. 25, issue1 pp.27-33, Skopje | | | | | | | | |
| 7 | ДИМИТРОВА, ас. м-р Анастазија | Stavi, I., Bebre, I., Dimitrova, A. et al. Cover cropping to prepare degraded lands for forestry: challenges and opportunities. New Forests 55, 1049–1063 (2023). https://doi.org/10.1007/s11056-023-10023-9 | https://doi.org/10.1007/s11056-023-10023-9 | **1** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **3** |
| | | Dimitrova, A., Balzano, A., Čufar, K., Scippa, G. S., Merela, M., Montagnoli, A., Osor-Nyam, B., Chimgee, E. T., & Chiatante D.: Anatomy of xylem and phloem in stems and roots of Populus sibirica and Ulmus pumila from semi-aridsteppe in Mongolia. Les/Wood, Vol. 72, No. 2, December 2023 | https://doi.org/10.26614/les-wood.2023.v72n02a02 | 0 | **1** | 0 | 0 | 0 | 0 | |
| | | Dimitrova A, Balzano A, Tsedensodnom E, Byambadorj S-O, Nyam-Osor B, Scippa GS, Merela M, Chiatante D and Montagnoli A (2024) The adaptability of Ulmus pumila and the | https://doi.org/10.3389/fpls.2024.1393245 | 0 | **1** | 0 | 0 | 0 | 0 | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | sensitivity of Populus sibirica to semi-arid steppe is reflected in the stem and root vascular cambium and anatomical wood traits. Front. Plant Sci. 15:1393245. | | | | | | | | |
| 8 | КОЛЕВСКА, проф. д-р Дана Дина | Mataruga M, Cvjetković B, De Cuyper B et al (2023) Monitoring and control of forest seedling quality in Europe. For Ecol Manag 546:121308. | https://doi.org/10.1016/j.foreco.2023.121308 | **1** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **1** |
| 9 | МАЛЕТИЌ, проф. д-р Владимир | Cokoski, K., Beuković, D., Maletić, V., Horvatovic Polovinski, M., Tanovski, V., Vukadinovic, M., Dimitrieska-Stojković, E., Enimiteva, V. Occurrence of Heavy Metals (Cd, Pb, As, Hg) in the Liver of Wild Boars in the Republic of North Macedonia. Contemporary Agriculture. Serbia. 2024. | https://sciendo.com/article/10.2478/contagri-2024-0004 | **1** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **3** |
| | | Cokoski, K., Beuković, D., Maletić, V., Horvatovic Polovinski, M., Vukadinovic, M., Dimitrieska-Stojković, E., Enimiteva, V. The levels of mercury (Hg) and arsenic (As) in wild boar's liver (Sus scrofa) in eleven hunting areas from the Republic of North Macedonia. | https://doi.org/10.31298/sl.148.3-4.1 | **1** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Šumarski list. Croatia. 2024. | | | | | | | | |
| | | Cokoski, K., Beuković, D., Maletić, V., Horvatovic Polovinski, M., Tanovski, V., Vukadinovic, M., Dimitrieska-Stojković, E., Enimiteva, V. The Wild Boar (Sus scrofa L.) as the Biomonitor of Cadmium and Lead Pollution in the Republic of North Macedonia. South-EastEuropean forestry. Croatia. 2023 | https://doi.org/10.15177/seefor.23-20 | **1** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | |
| 10 | МИНЧЕВ, вонр. проф. д-р Иван | Mincev I., Blinkov, I., Trendafilov A., Trendafilov B. Development of Erosion Protection Zones in the Catchment of the Reservoir “Kalimanci”, North Macedonia. Institute of Environmental Rehabilitation and Conservation (ERECON). Japan. 2023 | https://www.jstage.jst.go.jp/article/ijerd/14/1/14_77/_article/-char/en | **1** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **1** |
| 11 | НАЈДОВСКИ, ас. м-р Борис | Velkovski N, Govedar Z, Hristovski S, Najdovski B (2023) Sustainable development and management of beech forests. In: Govedar Z, Mataruga M, Pržulj N (eds) Sustainable development and management of | https://www.researchgate.net/publication/377974730_Sustainable_development_and_management_of_beech_forests | **1** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **1** |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | forest ecosystems. Academy of Sciences and Arts of the Republic of Srpska, Banja Luka, Monograph. LI:537-576. DOI 10.7251/EORU 2305537V | | | | | | | | |
| 12 | НАЧЕСКИ, проф. д-р Стерја | Golubovski M, Lazarevska S, Naceski S, Krsteska V. Harmful insects of Gelechidae and Tortricidae (Lepidoptera) on stone fruits in North Macedonia. 1st International Conference on Sustainable Agriculture Farming systems. 15-17.05.2024.University of Tetovo – Faculty of agriculture and biotechnology. Tetovo, North Macedonia. Book of Abstracts: pp 592-593. 2024. | https://eprints.ugd.edu.mk/34110/3/Congress%20Abstracts%20Book-DUT.pdf | 0 | **1** | 0 | 0 | 0 | 0 | **3** |
| | | Lazarevska S, Golubovski M, Naceski S. Saliji A, Shahini Sh. Monitoring of economically important pests on stone fruit (Gelechidae and Tortricidae, Lepidoptera) in North Macedonia. Ist International Conference on Sustainable Agriculture Farming systems. 17-19. 05.2023. Tetovo, North Macedonia. Book of | https://nit.uklo.edu.mk/2023/05/19/participation-of-a-group-of-scientific-workers-at-the-international-conference-on-sustainable-agriculture-farming-systems-icsafs/?lang=en | 0 | **1** | 0 | 0 | 0 | 0 | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Abstracts: pp 731-732 | | | | | | | | |
| | | Lazarevska S, Golubovski M, Naceski S.Two-year monitoring of economically important pests from fam. Gelechidae andTortricidae (Lepidoptera) on stone fruit in North Macedonia. XII European Congress of Entomology. 16-20.10.2023.Plant Protection Society of Greece. Crete, Greece | https://orbi.umons.ac.be/bitstream/20.500.12907/47051/1/ECE2023_Book_Of_Abstracts_A4.pdf | 0 | **1** | 0 | 0 | 0 | 0 | |
| 13 | НЕСТОРОВСКИ, проф. д-р Љупчо | Tanovski V, Matovic B, Trajkov P, NestorovskiLj.Relationship Between Some Structural Elements of Macedonian Pine (Pinus peuce Gris.) in Different Elevations in National Park Pelister in North Macedonia. Croatian journal of forest engineering (CROJFE) vol. 44, issue 2. Croatia. 2023 | http://dx.doi.org/10.5552/crojfe.2023.2218 | **1** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **2** |
| | | DanilovićM, Nestorovski Lj. (2023)Forestry products as renewable energy sources.In: Govedar Z, Mataruga M, Pržulj N(eds) Sustainable development and management of forest ecosystems. Academyof | http://dx.doi.org/10.7251/EORU2305635D | 0 | 0 | **1** | 0 | 0 | 0 | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Sciences and Arts of the Republic of Srpska, Banja Luka, Monograph. | | | | | | | | |
| 14 | НИКОЛОВ, проф. д-р Никола | / | / | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| 15 | ПАПАЗОВА АНАКИЕВА, проф. д-р Ирена | / | / | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| 16 | РИЗОВСКА–АТАНАСОВСКА, проф. д-р Јасминка | / | / | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| 17 | РИСТЕСКИ, доц. д-р Михајло | Corneo C, Risteski M, Sotirovski K, Rigling D. Long-term preserved mycelium establishes the presence of Cryphonectriacarpinicola in the Balkans and Cryphonectriaradicalis in Bulgaria. European Journal of Plant Pathology. Netherlands. 2023. | https://link.springer.com/article/10.1007/s10658-022-02613-8 | **1** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **2** |
| | | Tanovski V, Matović B, Risteski M, Trajkov P. Modelling the tree height-diameter relationship of Macedonian pine (Pinus peuce Gris.) forests in North Macedonia. Journal of forest science. Czech Republic. 2023. | https://www.agriculturejournals.cz/artkey/jfs-202311-0004_modelling-the-tree-height-diameter-relationship-of-macedonian-pine-pinus-peuce-gris-forests-in-north-macedon.php | **1** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | |
| 18 | СИМОВСКИ, вонр. | / | / | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | проф. д-р Бојан | | | | | | | | | |
| 19 | СОТИРОВСКИ, проф. д-р Кирил | Corneo C, Risteski M, Sotirovski K, Rigling D. Long-term preserved mycelium establishes the presence of Cryphonectriaca rpinicola in the Balkans and Cryphonectriara dicalis in Bulgaria. European Journal of Plant Pathology. Netherlands. 2023. | https://link.springer.com/article/10.1007/s10658-022-02613-8 | **1** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **1** |
| 20 | СТОЈАНОВСКА, проф. д-р Македонка | / | / | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| 21 | СТОЈАНОВСКИ, ас. м-р Владимир | / | / | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| 22 | ТАНОВСКИ, ас. м-р Владимир | Cokoski, K., Beuković, D., Maletić, V., Horvatovic Polovinski, M., Tanovski, V., Vukadinovic, M., Dimitrieska-Stojković, E., Enimiteva, V. Occurrence of Heavy Metals (Cd, Pb, As, Hg) in the Liver of Wild Boars in the Republic of North Macedonia. Contemporary Agriculture. Serbia. 2024. | https://sciendo.com/article/10.2478/contagri-2024-0004 | **1** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **4** |
| | | Jevsenak J, Klisz M, Masek J, Cada V., Janda P, Svoboda M, Tanovski V at all.Incorporating high-resolution climate, remote sensing and | https://www.sciencedirect.com/science/article/pii/S0048969723083225 | **1** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | topographic data to map annual forest growth in central and eastern Europe. Science of The Total Environment. 2024 | | | | | | | | |
| | | Tanovski V, Matović B, Risteski M, Trajkov P. Modelling the tree height-diameter relationship of Macedonian pine (Pinus peuce Gris.) forests in North Macedonia. Journal of forest science. Czech Republic. 2023. | https://www.agriculturejournals.cz/artkey/jfs-202311-0004_modelling-the-tree-height-diameter-relationship-of-macedonian-pine-pinus-peuce-gris-forests-in-north-macedon.php | **1** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | |
| | | Tanovski V, Matovic B, Trajkov P, NestorovskiLj.Relationship Between Some Structural Elements of Macedonian Pine (Pinus peuce Gris.) in Different Elevations in National Park Pelister in North Macedonia. Croatian journal of forest engineering (CROJFE) vol. 44, issue 2. 2023 | http://dx.doi.org/10.5552/crojfe.2023.2218 | **1** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | |
| 23 | ТРАЈАНОВ, проф. д-р Здравко | / | / | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| 24 | ТРАЈКОВ, проф. д-р Панде | Tanovski V, Matović B, Risteski M, Trajkov P. Modelling the tree height-diameter relationship of Macedonian pine (Pinus | https://www.agriculturejournals.cz/artkey/jfs-202311-0004_modelling-the-tree-height-diameter-relationship-of-macedonian-pine-pinus-peuce-gris-forests-in-north-macedon.php | **1** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **2** |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | peuce Gris.) forests in North Macedonia. Journal of forest science. Czech Republic. 2023. | | | | | | | | |
| | | Tanovski V, Matovic B, Trajkov P, NestorovskiLj.Relationship Between Some Structural Elements of Macedonian Pine (Pinus peuce Gris.) in Different Elevations in National Park Pelister in North Macedonia. Croatian journal of forest engineering (CROJFE) vol. 44, issue 2. 2023 | http://dx.doi.org/10.5552/crojfe.2023.2218 | **1** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | |
| 25 | ТРЕНДАФИЛОВ, ас. м-р Божин | Mincev I., Blinkov, I., Trendafilov A., Trendafilov B. Development of Erosion Protection Zones in the Catchment of the Reservoir “Kalimanci”, North Macedonia. Institute of Environmental Rehabilitation and Conservation (ERECON). Japan. 2023 | https://www.jstage.jst.go.jp/article/ijerd/14/1/14_77/_article/-char/en | **1** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **1** |
| 26 | ЦОКОСКИ, ас. м-р Кристијан | Cokoski K, Beuković D, Maletić V, Horvatovic Polovinski M, Tanovski V, Vukadinovic M,Dimitrieska-Stojković E, Enimiteva V. Occurrence of Heavy Metals (Cd, Pb, As, Hg) in the Liver of Wild Boars in | https://sciendo.com/article/10.2478/contagri-2024-0004 | **1** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **3** |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | the Republic of North Macedonia. Contemporary Agriculture. Serbia. 2024. | | | | | | | | |
| | | Cokoski K, Beuković D, Maletić V, Horvatovic Polovinski M, Tanovski V, Vukadinovic M,Dimitrieska-Stojković E, Enimiteva V. The levels of mercury (Hg) and arsenic (As) in wild boar's liver (Sus scrofa) in eleven hunting areas from the Republic of North Macedonia. Šumarski list. Croatia. 2024. | https://doi.org/10.31298/sl.148.3-4.1 | **1** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | |
| | | Cokoski K, Beuković D, Maletić V, Horvatovic Polovinski M, Tanovski V, Vukadinovic M, Dimitrieska-Stojković E, Enimiteva V. The Wild Boar (Sus scrofa L.) as the Biomonitor of Cadmium and Lead Pollution in the Republic of North Macedonia. South-EastEuropean forestry. Croatia. 2023 | https://doi.org/10.15177/seefor.23-20 | **1** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | |

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 5.3. Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар | Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на |

| | |
|---|---|
| се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава. | студии (прв, втор и трет циклус на студии, доколку е применливо). *Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.*[4]*;*<br>Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните пет години;<br>Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните пет години (доколку е применливо);<br>Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време. |

| Р. Бр. | Име и презиме | Премети на 1. циклус | Премети на 2. циклус | Бр. на одржани часови на 1. циклус | Бр. на одржани часови на 2. циклус | Вкупно одржани часови |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | АНДОНОВСКИ,<br>проф. д-р Влатко | 4 | 2 | 180 | 60 | 240 |
| 2 | АЦЕВСКИ,<br>проф. д-р Јане | 3 | 4 | 126 | 96 | 222 |
| 3 | БЛИНКОВ,<br>проф. д-р Иван | 5 | 5 | 420 | 0 | 420 |
| 4 | БРНДЕВСКА СТИПАНОВИЌ,<br>ас. м-р Викторија | 4 | 4 | 255 | 60 | 315 |
| 5 | ВАСИЛЕВСКИ,<br>проф. д-р Коле | 4 | 3 | 156 | 45 | 201 |
| 6 | ВЕЛКОВСКИ,<br>проф. д-р Николчо | 5 | 5 | 276 | 45 | 321 |
| 7 | ДИМИТРОВА,<br>ас. м-р Анастазија | 4 | 4 | 84 | 12 | 96 |
| 8 | КОЛЕВСКА,<br>проф. д-р Дана Дина | 4 | 4 | 126 | 100 | 226 |
| 9 | МАЛЕТИЌ,<br>проф. д-р Владимир | 4 | 3 | 210 | 0 | 210 |
| 10 | МИНЧЕВ,<br>вонр. проф. д-р Иван | 5 | 1 | 195 | 60 | 255 |
| 11 | НАЈДОВСКИ,<br>ас. м-р Борис | 4 | 3 | 91 | 45 | 136 |
| 12 | НАЧЕСКИ,<br>проф. д-р Стерја | 5 | 5 | 360 | 0 | 360 |
| 13 | НЕСТОРОВСКИ,<br>проф. д-р Љупчо | 4 | 4 | 240 | 0 | 240 |
| 14 | НИКОЛОВ,<br>проф. д-р Никола | 3 | 4 | 215 | 200 | 415 |
| 15 | ПАПАЗОВА АНАКИЕВА,<br>проф. д-р Ирена | 5 | 5 | 150 | 0 | 150 |
| 16 | РИЗОВСКА–АТАНАСОВСКА,<br>проф. д-р Јасминка | 5 | 5 | 202 | 0 | 202 |
| 17 | РИСТЕСКИ,<br>доц. д-р Михајло | 5 | 5 | 132 | 0 | 132 |
| 18 | СИМОВСКИ,<br>вонр. проф. д-р Бојан | 3 | 2 | 214 | 0 | 214 |
| 19 | СОТИРОВСКИ,<br>проф. д-р Кирил | 3 | 4 | 163 | 101 | 264 |
| 20 | СТОЈАНОВСКА, | 5 | 5 | 315 | 0 | 315 |

4 Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети.

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | проф. д-р Македонка | | | | | |
| 21 | СТОЈАНОВСКИ, ас. м-р Владимир | 4 | 4 | 177 | 0 | 177 |
| 22 | ТАНОВСКИ, ас. м-р Владимир | 3 | 1 | 80 | 0 | 80 |
| 23 | ТРАЈАНОВ, проф. д-р Здравко | 5 | 5 | 360 | 0 | 360 |
| 24 | ТРАЈКОВ, проф. д-р Панде | 4 | 3 | 228 | 0 | 228 |
| 25 | ТРЕНДАФИЛОВ, ас. м-р Божин | 4 | 4 | 325 | 60 | 385 |
| 26 | ЦОКОСКИ, ас. м-р Кристијан | 4 | 3 | 75 | 0 | 75 |

**Прилози**
5.3. Одлуки за распоред на работи и работни задачи (покриеност на настава) за последните 5 години
https://sf.ukim.edu.mk/akti.htm

| | |
|---|---|
| 5.4. Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените критериуми. | Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно – научни звања кој се применува или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања);<br>Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните пет години).<br>Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна. |

На ниво на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е донесен Правилник за посебните услови и постапка за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411 од 5 ноември 2018 год.). Овој Правилник е донесен согласно со Законот за високото образование (Сл. весник на РМ, бр. 82/2018). Со Правилникот се уредуваат посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звање и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Одредбите од овој Правилник се применуваат за избор на лица во наставно-научни звања и соработнички звања на УКИМ ХЕФ. Во текот на учебната 2023/2024 год. на УКИМ ХЕФ не се распишани конкурси за избор во наставно-научни или соработнички звања.

**Прилози**
Прилог 5.4.А.Правилник за избор во наставно – научни звања кој се применува во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања
Прилог 5.4.Б.Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот;
https://sf.ukim.edu.mk/naucno-nastaven-personal.htm

| | |
|---|---|
| 5.5. Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар;<br>Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата;<br>Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните пет години (со вредност на опремата и изворот на финансирање);<br>Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата;<br>Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. |

Во поглед на условите за работа се применуваатПравилник за стандардите и нормативите за основање на ВОУ и за вршење на ВОД (Сл. весник на РСМ, бр. 245 од 16.11.2022) (Сл. весник на РСМ, бр. 245 од 16.11.2022 година),Правилник за дополнување на Правилник за стандардите и нормативите за основање на ВОУ и за

| | |
|---|---|
| вршење на ВОД (Сл. весник на РСМ, бр. 4 од 9.1.2023) и Елаборатот за безбедност и здравје на Факултетот (Прилог 5.5.А). Со Правилникот се уредуваат стандардите и нормативите кои треба да се исполнат за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност. Целта на Правилникот е да се обезбеди квалитет во високото образование во државата.Согласно одредбите од споменатите државни акти, УКИМ ХЕФ ги исполнува просторните услови, просторот е во функција на дејноста за која е основан факултетот и е во согласност со специфичностите настудиските програми што ги реализира. Структурата на работниот простор е соодветна за реализација на наставно-образовниот процес и наставно - научната работа и ги исполнува урбанистичките, техничко-технолошките, безбедносните и санитарните стандарди. УКИМ ХЕФ обезбедува соодветна опрема утврдена со студиските програми, за современо реализирање на наставата, во согласност со здравствените и безбедносните стандарди, за што ги информира студентите. Стандардите за просторот и опремата се определуваат според наставно-научната област.<br>УКИМ ХЕФ се каратктеризира со: добри просторни кпацитети (1 амфитеатар со вкупно 120 седишта, 10 предавални со вкупно 334 седишта, 10 лаборатории со 160 седишта, 10 збирки, компјутерска училница со 30 седишта, теренска лабораторија со 30 седишта, микроскопска сала со 24 седишта, 1 читална со 50 седишта, библиотека со површина од 75 m2, шумско-опитна станица, дендропарк и расадник со стакленик во факултетскиот двор) и добри материјални ресурси за успешно одвивање на наставата (учебници и современа стручна литература, инструменти, лабораториски материјали, нагледни средства, збирки по дендрологија, ентомологија, фитопатологија и ловство, компјутери и проектори).Наставниот кадар располага со лап-топ компјутери. Во наставата и вежбите се користи аудио-визуелна технологија – LCD проектори. Ве периодот на пандемијата со корона вирусот SARS-CoV-2 наставата беше изведувана преку средствата за електронска комуникација и учење (Microsoft Teams, Google Classroom, Zoom и сл.) и беа изготвени соодветни видео материјали од вежбите по најголем дел од предметите (пр. Геоинформатика, Педологија, Урбана дендрологија и др.) и истите се поставени на платформата Youtube. Покрај наставата, и испитите беа одржувани преку споменатите платформи на интерактивен начин и со интердисциплинарен пристап базиран на студии на случај. Тоа практично значеше дигитализација на наставно-образовниот процес на факултетот. Во поново време е се оформени Лабораторијата за ГИС и Лабораторијата за истражувања од областа на молекуларната биологија.<br>Во периодот 2022 – 2023 г. со поддршка на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во целост е реновиран амфитеатарот на факултетот и набавена е современа информатичка опрема и систем за озвучување.<br>Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, како одговор на потребите на својата академска заедница, обезбедува пристап до електронски библиотеки. Поддршката кон академската заедница, во врска со електронските библиотеки, е обезбедена преку заедничка мрежа на EBSCO координаторите на единиците и одговорно лице во Ректоратот. Наставниот кадар на УКИМ ХЕФ има обезбеден пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма. Базите на податоци се достапни на следните врски: https://ukim.edu.mk/nauka/infrastruktura-na-ukim/e-library-ukim-access/ и https://ukim.edu.mk/nauka/infrastruktura-na-ukim/e-library-open-access/. | |
| **Прилози**<br>Прилог 5.5.А. Елаборат за безбедност и здравје<br>Прилог 5.5.Б.Основни средства 788<br>https://sf.ukim.edu.mk/akti.htm и https://sf.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2024/10/Osnovni_sredstva_788.pdf | |
| 5.6. Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини Установата редовно ги следи техничките вештини на наставниот кадар. | Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар.<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години и финансирани од установата со листа на учесници и програма;<br>Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма .<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните пет години;<br>Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо). |
| Професионалниот развој на наставниот кадар на УКИМ ХЕФ се води според актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, и актите на Министерството за образовани е наука (Законот за високото образование, Законот за научно-истражувачката дејност, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност).Овие акти го уредуваат начинот на организирање на научното и стручното усовршување на вработените, финансирањето на стручното усовршување | |

и спроведувањето на постапката за одобрување на научното и стручното усовршување на вработените. Стручното усовршување е определено како право и должност на вработените. Наставниците, асистентите и асистентите докторанди имаат прво и должност на научно и стручно усовршување. Научното усовршување опфаќа: студиски престој во странство заради научно усовршување, мобилност на академскиот кадар за спроведување настава, учество на научен собир во земјата и во странство, објавување труд во меѓународно списание, публикација и друго издание, регистрирано во бази на списанија согласно со Законот за високото образование. Стручното усовршувале опфаќа учество на стручен едукативен настан (работилница, семинар, школа и сл.) и посета на високообразовна установа во странство. Научното усовршување опфаќа и дооформување на научното образованите со стекнување повисок степен на квалификација – докторски студии (трет циклус студии)

УКИМ ХЕФ ги следи техничките вештини на наставниот кадар преку редовен трансфер на знаењата здобиени на разни работилници и обуки за подобрување на методите и техниките на настава. Во рамките на своите можности и во согласност со глобалните социо-економски и здравствени услови, факултетот организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини.

За наставниот кадар на УКИМ ХЕФ во соработка со Програмата за заштита на природата во Македонија (ПЗП) и Бернскиот Универзитет за применети науки (БФХ-ХАФЛ) беа одржани две значајни обуки: Обука за дидактика за наставно-научен и соработнички кадар на УКИМ ХЕФ (20-22 јуни 2018 г.) и Статистика и употреба на софтверот R (5-8 ноември 2019 г., предавач: д-р Цереми Хентген) достапна на врската https://www.bregalnica-ncp.mk/2019/11/18/realiziran-trening-za-statistika/?lang=en.

Од 12.10 до 11.11 2022 г. (8 сесии од по 2 часа), во просториите на Факултетот, се одржа Обука за пишување проекти, спроведена од страна на фасилитатор Зоран Велковски од Интеркултура. Обуката ја посетуваа и успешно ја завршија дел од вработените на УКИМ ХЕФ (вонр. проф. д-р Симовски, ас. м-р Шурбевски, ас. м-р Брндевска Стипановиќ, ас. м-р Цоковски, ас. м-р Стојановски, ас. м-р Трендафилов, ас. м-р Најдовски и дипл. инж. Илиевски), како и дел од студентите, членови на студентското здружение Дрен Ханс Ем (Пенева, Милошоска, Меноска, Ципријановиќ, Крстевски и Димитриевска).

Од 3 – 6.10.2023 г., проф. д-р Ирена Папазова-Анакиева има учествувано на тренинг/обука "Current problems in urban tree health; Canker Stain Disease of Plane", организиран од UB3GUARD CA20132 with the local cooperation of the Agricultural University of Athens and the Hellenic Agricultural Organization– DIMITRA, одржан во Атина (Грција), а финансиран преку COST.

**Прилози**

Прилог 5.6.А.Закон за високото образование

Прилог 5.5.Б.Закон за научно-истражувачката дејност

Прилог 5.5.В.Правилник за стандардите и нормативите за основање на ВОУ и за вршење на ВОД (Сл. весник на РСМ, бр. 245 од 16.11.2022)

| | |
|---|---|
| 5.7. Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност. | Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните пет години;<br>Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат). |

Дел од наставно-образовниот процес на УКИМ ХЕФ се реализира со наставници од други факултети (Природно-математички факултет, Архитектонски факултет, Факултет за ликовни уметности, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер и др.). УКИМ ХЕФ во континуитет ангажира и истакнати стручњаци од практиката за вршење на високообразовна дејност со одлука на наставно научниот совет на факултетот. Врска: https://sf.ukim.edu.mk/akti.htm. Размената со академски кадар од други академски центри од земјата и странство е на релативно ниско ниво и е далеку под потребите. Студентската размена со други академски центри во земјата и странство е присутна, меѓутоа под можностите, за што влијание има економската сотојба во државата.

Во учебната 2023/24 година на УКИМ ХЕФ се ангажирани 2 визитинг професори 3 стручњаци од практиката.

Д-р Улрих Пицарка (Dr. Ulrich Pietzarka, Dipl.-Forstwissenschaftler) е вклучен како визитинг-наставник на УКИМ ХЕФ во учебната 2023/2024 година, во летниот семестар во периодот од 3 заклучно до 8 јули 2024 година, на предметот Урбана дендрологија, на студиската програма Пејзажно дизајнирање, кој е и слободен изборен предмет на универзитетската листа на УКИМ (обем на ангажман: 3 дена/8 часа). Визитинг - наставникот Д-р

| | |
|---|---|
| Улрих Пицарка е кустос на Техничкиот универзитет во Дрезден (Technische Universität Dresden, Fakultät Umweltwissenschaften, Forstbotanischer Garten Tharandt – Sächsische Landesarboretum), СР Германија, кој во 2023 г. е рангиран на 201 – 300 место според Шангајската листа (Academic Ranking of World Universities).<br>Проф. д-р Џенгиз Јуџедаг (Cengiz Yücedağ) е реномиран експерт по Урбана дендрологија и Пејзажна архитектура, професор на Универзитетот „Мехмет Акиф Ерсој“ во Бурдур (Burdur Mehmet Akif Ersoy Üniversitesi), Република Турција, поканет преку ERASMUS+ програмата за мобилност на наставно-научен кадар да одржи обука во периодот 26-30 август 2024 год (обем на ангажман: 3 дена/8 часа).<br>дипл.шум.инж. Ѓорѓи Самарџиев, истакнат стручњак со повеќегодишо работно искуство, вработен како шумарски инженер во ДПТУ „ФОЈА КО“ ДООЕЛ-Скопје, зареализација на предмети на студиската програма Пејзажно дизајнирање.<br>д-р Дејан Манџуковски, истакнат стручњак со повеќегодишо работно искуство,вработен во ЈП „Национални шуми“ во Скопје, за реализација по предмети на студиската програма Шумарство.<br>м-р Марија Николова Станоевска, истакнат стручњак со повеќегодишно работно искуство вработена во ДПТУ „Деми инженеринг“ ДООЕЛ-Скопје како раководител на сектор – Хортикултура, за реализација по предмети на студиската програма Пејзажно дизајнирање. | |
| **Прилози**<br>Прилог 5.7.А.Одлука за вклучување на визитинг-наставник од меѓународно рангиран универзитет<br>https://sf.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2024/10/viziting_ulrich_pietzarka.pdf<br>Прилог 5.7.Б.Покана за одржување обука преку ERASMUS+ програмата за мобилност на наставно-научен кадар за проф. д-р Џенгиз Јуџедаг<br>https://sf.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2024/10/2024_yucedag.pdf<br>Прилог 5.7.В.ERASMUS+ билатерални договори<br>https://archive.ukim.edu.mk/dokumenti_m/Erazmus+_bilateralni_dogovori.pdf<br>Прилог 5.7.Г.Одлука за ангажирање на стручњаци од практиката за вршење на високообразовна дејност на УКИМ ХЕФ за 2022/2023 година (https://sf.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2024/09/strucnjaci_praktika_2023_2024.pdf<br>Прилог 5.7.Д.Биографија на Д-р Улрих Пицарка<br>https://sf.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2024/10/Ulrich_Pietzarka_CV.pdf<br>Прилог 5.7.Ѓ.Биографија на проф. д-р Џенгиз Јуџедаг<br>https://scholar.google.com.tr/citations?user=oHf8ExIAAAAJ&hl=tr<br>Прилог 5.7.Е.Биографии на стручњаци од практиката<br>https://sf.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2024/10/strucnjaci_praktika_2023-24_CV.pdf | |
| 5.8. Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |
| УКИМ ХЕФ го следи напредокот на биотехничките науки во Европа и светот, а кадарот на факултетот активно придонесува во современото осознавање на релациите помеѓу природата, шумите, екосистемите и природните богатства и нивното влијание во поширок општествен и хуманистички аспект. Посветено и непосредно се работи со студентите и сите засегнати општествени чинители и се образува современ високо стручен кадар во шумарството, пејзажната архитектура и екоинженерингот, кој во зенитот на актуелната технолошка револуција ќе може да понесе одговорност во заштитата и унапредувањето на шумите, зелените површини, биодиверзитетот и природните ресурси на државата. Во поново време е оформена лабораторија за ГИС, во која, за потребите на наставата и на науката, се разработуваат современи компјутерски апликативни програми од областа на шумарството и озеленувањето на животната средина, се прават истражувања со далечинска детекција (remote sensing) и сателитски снимки, се осознаваат можносите на LiDAR технологијата и дроновите. Во текот на 2016 г. во Лабораторијата за истражувања од областа на молекуларната биологија, во состав на фитопатолошката лабораторија, за првпат самостојно е изолирана ДНК од примероци микроорганизми, за во 2017 г., по додатна обработка на ДНК, примероците да се секвенционираат во други лаборатории со кои соработува факултетот. Кадарот на факултетот, самостојно или како дел од група на реномирани истражувачи, во континуитет објавува трудови/статии во голем број меѓународни списанија кои се индексирани во електронските бази на списанија со трудови достапни на интернет и имаат различен фактор на влијание.<br>Како дел од стратегијата за унапредување на науката, УКИМ ХЕФ остварува плодна соработка со образовни, научноистражувачки, владини, невладини, стопански и други субјекти, институции и организации на меѓународно, државно, регионални и локално ниво.<br>Факултетот, во рамките на своите можности, се залага за одржување на меѓународни научни конференции и поддршка на наставниот кадар за поголемо вклучување на наставниот кадар на разни меѓународни конференции, | |

семинари, симпозиуми итн. По повод 75 годишниот јубилеј од основањето на факултетот, УКИМ ХЕФ беше домаќин на меѓународната научна конференција „Подобро шумарство, за подобри шуми, за подобра планета“ (15-16ти јуни 2022 г.) која се одржа во просториите на УКИМ ХЕФ, со учество на наши и научници од странство (Србија, Грција, Турција, Хрватска, БиХ, Норвешка, Германија). Од конференцијата беше објавена Книга на апстракти, со вкупно 58 наслови. Во рамките на конференцијата на 16.6.2022 г. се одржа и работилница со наслов: „Одржливо управување со заштитените подрачја, екосистемите и биодиверзитетот“, наменета и за студенти, реализирана од експерти од Грција (д-р Малоупа и д-р Фотакис), а се спроведе со помош на платформата Vevox во рамки на проектот Interreg IPA CBC „Подобрување на зачувувањето на приоритетните растенија во прекуграничната област на Република Северна Македонија и Грција“. Детални информации достапни на врската https://sf.ukim.edu.mk/75hef.htm.

УКИМ ХЕФ е една од осумте институции ко-издавачи, заедно со други факултети и институти за шумарство од регионот, на часописот SEEFOR. Часописот има свој DOI број, и е индексиран од сите релевантни бази (Scopus на Elsevier, Emerging Sources Citation Index (Web of Science) на Clarivate Analytics, Google Scholar, CAB Abstracts, CrossRef). Часописот и понатаму е под опсервација од Clarivate Analytics, заради доделување на фактор на влијание. Во текот на 2022 год. се објавија првиот и вториот број од 13-тата свеска (Vol.13, issue 1 & issue 2) на часописот SEEFOR. Во текот пак на февруари 2023 г. На веб страницата на часописот се објави рано-видување (early view) на првиот број на свеска 14 од часописот. Детални информации достапни на врската https://www.seefor.eu/.

Во извештајниот период, поради малиот број пристигнати статии, не е објавено издание на меѓународното научно списание „Шумарски преглед“, издавано од УКИМ ХЕФ. Поради тоа, единственото научно списание за шумарските науки во државата се соочува со големи предизвици, можеби најголемите од неговото основање (вонр. проф. д-р Симовски, главен уредник). Изданијата на меѓународното научно списание „Шумарски преглед“, почнувајќи од првиот број објавен во 1953 г., се електронски обработени и целата база е поставена како онлајн архива на интернет-страницата на списанието. Детални информации достапни на врскатаhttps://sf.ukim.edu.mk/sumarski_pregled.htm.

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 5.9. Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. | Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. |

Информатичката технологија е имплементирана во наставниот процес. Амфитеатрите и предавалните се опремени со видеопроектори кои им овозможуваат на наставниците одржување на настава со примена на современите информатички технологии (power point презентации, видео презентации и сл.). Microsoft Office 365 е достапен за наставниците, соработниците и студентите. Системот овозможува лесно споделување на наставни материјали и креирање на online наставни содржини достапни за студентите.Во компјутерските училници студентите следат  настава, а и самостојно изработуваат вежби со користење на готови софтверски пакети и/или изработуваат сопствени софтверски решенија за конкретни проблеми и задачи од шумарството, пејзажната архитектура и екоинженерингот. УКИМ ХЕФ има позитен став за прилагодувањето на наставата согласно потребите на студентите или согласно други национални или глобални случувања, како и за воведување на нови методи и технологии во наставно-образовниот процес.

Во лабораторија за ГИС, за потребите на наставата и на науката, се разработуваат современи компјутерски апликативни програми од областа на шумарството и озеленувањето на животната средина, се прават истражувања со далечинска детекција (remote sensing) и сателитски снимки, се осознаваат можносите на LiDAR технологијата и дроновите.

Во Лабораторијата за истражувања од областа на молекуларната биологија, во состав на фитопатолошката лабораторија, во 2016 г. за прв пат самостојно е изолирана ДНК од примероци микроорганизми, за во 2017 г., по додатна обработка на ДНК, примероците да се секвенционираат во други лаборатории со кои соработува факултетот.

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 5.10. Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот;<br>Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5% од објавените публикации во последните пет години). |

На УКИМ ХЕФ се користи системот за проверка на плагијати воспоставен од страна на Министерството за образование и наука. Системот се користи за проверка на автентичноста на магистерски и докторски трудови на

| | |
|---|---|
| студентите од сите студиски програми на Факултетот. Секој професор – ментор има свој кориснички профил преку кој може на брз и лесен начин да ги прикачи магистерските и докторските трудови од кандидатите кои ги менторира. За секој прикачен труд професорот–ментор преку својот кориснички профил добива извештај со процент на поклопување на трудот со други трудови прикачени во системот за проверка. Извештајот е детален и содржи преглед на трудовите и точките на преклопување. Системот е лесен за користење и мошне практичен. Во учебната 2023/2024 г. издаден е учебникот „Штетници на декоративните растенија" од проф. д-р Стерја Начески, (Одлука бр.11-1116/7 од 14.12.2022, Договор бр.11-1116/7-5 од 28.3.2023 година), достапен на веб-страницата на Универзитетот (https://www.ukim.edu.mk/e-izdanija/SUF/Stetnici_na_dekorativni_rastenija.pdf), | |
| **Прилози**<br>Прилог 5.10. Систем за проверка на плагијати на МОНhttp://plagijati.mon.gov.mk/ | |
| 5.11. Установата има политика /документ/акт за научноистражувачка работа. Индикаторите за научно-истражувачката работа се утврдени и редовно се следат. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работа и/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа.<br>Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо). |
| Научноистражувачката работа на наставниот кадар на УКИМ ХЕФ е регулирана според актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставано-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје), и актите на Министерството за образовани е наука (Законот за високото образование, Законот за научно-истражувачката дејност, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност).<br>Во Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставано-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје утврдени се индикаторите за научноистражувачка работа и истите се составен дел од посебните услови за избор во звања. | |
| **Прилози**<br>Прилог 5.11.А.Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставано-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје<br>Прилог 5.11.Б.Закон за високото образование<br>Прилог 5.11.В.Закон за научно-истражувачката дејност<br>Прилог 5.11.Г.Правилник за стандардите и нормативите за основање на ВОУ и за вршење на ВОД (Сл. весник на РСМ, бр. 245 од 16.11.2022) | |
| 5.12. Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо-економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки |
| Низ својата повеќегодишна историја, УКИМ ХЕФ е во постојана еволуција и промени, и се прилагодува кон актуелни општествени, технолошки, наставно образовни, научни и други услови и аспекти, важни за наставно-научна установа. Преку постојаните поситни, а повремено и преку суштински промени во наставните содржини, факултетот се прилагодува и го насочува фокусот кон зачувувањето, заштитата и унапредувањето на шумите, како еден од предусловите за зачувување на биодиверзитетот и животната средина. Денес факултетот успешно ја прилагодува наставата согласно потребите на студентите или согласно други национални или глобални случувања, и воведува нови методи и технологии во наставно-образовниот процес.<br>УКИМ ХЕФ го следи и активно придонесува за напредокот на биотехничките науки во Европа и светот. Согласно кадровските и материјалните услови и можности, наставничкиот и соработничкиот кадар од УКИМ ХЕФ учествуваше во реализацијата на поголем број публикации, научноистражувачки и апликативни проекти во текот на учебната 2023/2024 г. УКИМ ХЕФ е посветен на континуирано подобрување на квалитетот на високото образование и научните истражувања, преку доближување на современите европски и глобални искуства од шумарството, пејзажната архитектура, заштитата на природните ресурси и еколошкото инженерство до идните | |

академски граѓани, еко инженери и доносители на одлуки, што овозможува вклучување во единствениот систем на европското високо образование.

Стопанската стагнација во државата надоплнета со буџетското финансирање во факултетите како единки во буџетското работење, без развојна компонента и тешкотии при одобрувањето на нови научно истражувачки проекти, се препреки кои треба да се надминат за усовршување и развивање на нови научни концепти како нова развојна компенента во стопанството; трезорски третман на средствата од сите извори на факултетот и постојаните законски промени, ги лимитираат новите донациски проекти од Европски и други странски фондови со бројни ограничувања, поради што се отежнува и забавува нивната реализација.

Наставно-научниот и соработнички кадар на УКИМ ХЕФ посветено и непосредно работи со сите студенти со цел образување на современ високо стручен кадар во шумарството, пејзажната архитектура и екоинженерингот, кој според податоците на Агенцијата за вработување на РСМ е дефицитарен. Државата го препозна проблемот од недостаток на кадар од споменатите области и, за прв пат, во 2022 г. објави Конкурс за доделување стипендии на редовни студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република Северна Македонија за студиската 2022/2023 година (објавен на страницата на МОН), со кој беа обезбедени стипендии во износ од 18.000,00 денари за 30 стипендии по земјоделските, ветеринарните и шумарските науки. Оваа пракса стана редовна практика во политиките на МОН за унапредување на науката и обезбедување на високо стручен кадар за ветеринарната медицина, земјоделството и шумарството во државата.

**Прилози**

## Стандард 6

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>6.1. Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој сеопфатен и ефикасен.</td><td>Финансиски план од претходните пет години<br>Финансиски извештаи од претходните пет години<br>Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа )</td></tr>
<tr><td colspan="2">УКИМ ХЕФ ги почитува сите прописи во поглед на финансиското и сметководственото работење. Приходите кои се добиени од државата како и сопствените приходи на факултетот се во функција на реализација на наставните содржини и активности на факултетот. Финансиски извештаи од претходните пет години се јавно достапни на следната врска<br>Факултетот активно вложува во научноистражувачка дејност (научни проекти, поддршка на наставниот и административниот кадар за учество на конференции, научни собири, обуки и сл.), Од вкупните приходи во 2023 година, сопствени и донаторски средства, кои изнесуваат 12.486.137,00 денари расходите за научно-истражувачка работа се 3.990.000,00 денари или во процент 31,95 %.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>Прилог 6.1.А. Финансиски план за 2023 г.<br>Прилог 6.1.Б. Финансиски извештај 2023 г.</td></tr>
<tr><td>6.2. Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата.</td><td>Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лаборатории, организациони единици, служби);<br>Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите;<br>Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма);<br>Попис на информатички ресурси за учење на далечина;<br>Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби;<br>Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата.</td></tr>
<tr><td colspan="2">УКИМ ХЕФ се наоѓа во населбата Автокоманда во Скопје и административно припаѓа на Општина Гази Баба. Тој е сместен во една главна зграда, каде што се наоѓаат амфитеатарот, предавалните, кабинетите, лабораториите, библиотеката и административните канцеларии, а располага и со други придружни објекти и површини. Наставната, научната и апликативната дејност на Факултетот се одвиваат во: еден амфитеатар со вкупно 180 седишта, пет предавални со 186 седишта, десет лаборатории со 160 седишта, една читалница со 40 седишта, библиотека со површина од 75 m², дваесет и пет кабинети со површина од 1 100 m², административни простории од 320 m², една сала за состаноци од 45 m², просторија за Службата за студентски прашања од 40 m² и три подрумски простории со вкупна површина од 150 m², повеќе лаборатории и збирки: лаборатории по Педологија, Дендрологија, Ентомологија и Фитопатологија; Лабораторија за истражувања од областа на молекуларната биологија, Компјутерска лабораторија, Лабораторија за ГИС, Лабораторија за инвентаризација на шумите, Лабораторија за испитување репродуктивен материјал и со три расадници – теренски лаборатории, Семенарска збирка, Зоолошка збирка, Ентомолошка збирка и Фитопатолошка збирка. Лабораториите и збирките, согласно можностите, редовно се одржуваат и се обновуваат и се користат главно во образовниот процес, а честопати организирано се посетувани од ученици од основните и од средните училишта. Во библиотеката на УКИМ ХЕФ можат да се најдат сите материјали што им се потребни на студентите од сите циклуси на студии. Исто така, стручната литература што ја има во библиотеката служи за усовршување и унапредување на знаењата на сите специјалисти од шумарската практика и од сродните дејности. Покрај со стручна, библиотеката располага и со научна литература од областа на шумарството, пејзажното дизајнирање и на екоинженерингот. Вкупниот книжен</td></tr>
</table>

| |
|---|
| фонд на библиотеката изнесува 6180 примероци, од кои 1172 се научни списанија, додека пак 5008 се книги. Библиотеката со успех е вклучена и во системот за меѓу библиотечно позајмување. Тоа значи дека преку неа, доколку има потреба од тоа, може да се обезбеди литература што не е достапна кај нас со позајмување од други библиотеки, најчесто од земјата, но може и од странство. Во рамките на факултетската библиотека има и читалница, која е достапна за студентите од сите циклуси на студии. Таа е отворена за користење секој работен ден од 7 до 19 часот. Максималниот капацитет на читалницата е 40 места.<br>Во периодот 2022 – 2023 г. со поддршка на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во целост е реновиран амфитеатарот на факултетот и набавена е современа информатичка опрема и систем за озвучување. На влезот од главната зграда изградена е основа и конструкција за лифт за лица со посебни потреби. Се очекува поставување на лифт за овие лица.<br>Информатичката технологија е имплементирана во наставниот процес. Амфитеатрите и предавалните се опремени со видео проектори кои им овозможуваат на наставниците одржување на настава со примена на современите информатички технологии (power point презентации, видео презентации и сл.). Microsoft Office 365 е достапен за наставниците, соработниците и студентите. Системот овозможува лесно споделување на наставни материјали и креирање на online наставни содржини достапни за студентите.<br>Во периодот на пандемијата со корона вирусот SARS-CoV-2 наставата беше изведувана преку средствата за електронска комуникација и учење (Microsoft Teams, Google Classroom, Zoom и сл.), беа изготвени соодветни показни видео материјали по најголем дел од предметите (пр. Геоинформатика, Педологија, Урбана дендрологија и др.) и истите се поставени на платформата Youtube. Покрај наставата, и испитите беа одржувани преку овие платформи на интерактивен начин.<br>Компјутерската лабораторија има 20 работни места и во неа студентите ја изведуваат практичната настава по предметната програма Компјутерски апликации, како и практичната настава по предметната програма Геоинформатика. На Факултетот функционира мрежен систем на поврзаност, кој овозможува брза размена на информации. Постојната мрежна инсталација засега ги задоволува потребите и таа постојано се надградува и се усовршува, но и се одржува со тековна мрежна опрема.<br>Во лабораторија за ГИС, за потребите на наставата и на науката, се разработуваат современи компјутерски апликативни програми од областа на шумарството и озеленувањето на животната средина, се прават истражувања со далечинска детекција (remote sensing) и сателитски снимки, се осознаваат можносите на LiDAR технологијата и дроновите.<br>Во Лабораторијата за истражувања од областа на молекуларната биологија, во состав на фитопатолошката лабораторија, во 2016 г. за прв пат самостојно е изолирана ДНК од примероци микроорганизми, за во 2017 г., по додатна обработка на ДНК, примероците да се секвенционираат во други лаборатории со кои соработува факултетот.<br>Состојбата на техничките ресурси кои се користат во образовниот процес се следи преку редовен годишен попис и согласно можностите редовно се одржуваат и се обновуваат.<br>Сите студенти на УКИМ ХЕФ имаат пристап на интернет низ целиот објект на Факултетот преку централна мрежа (network)овозможена преку 1 switch со карактеристика на IP server и 15 access point уреди распределени низ вкупната површина преку mesh функција, 12 комплети од компјутер, монитор и влезни уреди (тастатура и глувче) мрежноповрзани меѓусебно, 1 ласерски црно-бел печатач Canon кој има и функција за фотокопирање. |
| **Прилози**<br>/ |

| | |
|---|---|
| 6.3. Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени во помошните/администра-тивните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и административен кадар има | Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби;<br>Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби;<br>Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите пет години (со наведен период). |

| | |
|---|---|
| можност за развој на сопствените компетенции. | |

Административната служба на УКИМ ХЕФ во својата работа ги зема во предвид потребите на различната студентска популација. Притоа, со цел подобра и поефикасна комуникација факултетските служби остваруваат електронска комуникација со студените на нивно барање преку службената електронска пошта, но и за општа комуникација преку сервисот iKnow и веб страницата на факултетот.

Бројот на вработени во помошните и административните служби е во согласност со усвоениот акт за систематизација,врз основа на што се вршат нови вработувања на позициите каде за тоа има потреба. Во учебната 2023/2024 г. административната и стручна служба на УКИМ ХЕФ ја сочинуваат стручно-административниот персонал (Хелга Спасова – Дика – дипломиран правник, Габриела Стојковска – дипломиран економист, Соња Петрова – самостоен референт администратор, Ѓурѓица Стојановска – самостоен референт архивар и Савка Трајковска – советник за библиотечно работење) и помошно-техничките лица (Весна Соколовска – хигиеничарка, Марија Мицевска – хигиеничарка, Жарко Мицевски – градинар, Амди Алију – чувар и Енис Кадрија – чувар). Актуелната состојба по однос на бројот на вработени овозможува нормално функционирање на факултетот. Стручно-административниот персонал има можност за развој на личните компетенции и во учебната 2023/2024 г. активно има учествувано на следните обуки: онлајн обука за правилно користење на електронските портали (Ѓурѓица Стојановска – самостоен референт архивар и Савка Трајковска – советник за библиотечно работење); обука за иматели и баратели на информации од јавен карактер (portal.aspi.mk) и баратели на информации од јавен карактер (slobodenpristap.mk) во рамките на активностите од проектот ИПА2 „Транспарентност и отчетност на јавната администрација“(дипл. прав. Хелга Спасова-Дика и дипл. екон. Габриела Стојковска);обука на тема „Предизвици во примената и презентацијата на новините во регулативата за вработени во јавниот сектор и административните службеници“ (дипл. прав. Хелга Спасова-Дика).

**Прилози**

6.3.Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешната организација на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и ПРАВИЛНИК за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје – Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ (Анекс бр. 23), со пречистени текстови и ОДЛУКИ за давање согласност (Универзитетски гласник бр. 583 од 5.1.2022 г.) - врска

| | |
|---|---|
| 6.4. Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. | Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите пет години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот);<br>Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии. |

Во научно истражувачки проект финансиран од интегративните средства на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со наслов „Истражување на состојбата на деградираните шумски насади во заштитеното подрачје „Јасен“ и утврдување на оптимални методи за нивна ревитализација“ (Акроним: ДШН-Рев), со ас. М-р Борис Најдовски како главен истражувач, и проф. д-р Николчо Велковски и проф. д-р Коле Василевски како истражувачи, вклучени се и студентите Антонио Поповски (II год., насока Шумарство), Давор Петровски (II год., насока Пејзажна архитектура), Васил Младеновски (II год., насока Шумарство) и Томче Трајчевски (втор циклус на студии).

Во рамките на излезната фаза на Програмата за зачувување на природата во Северна Македонија извршена е теренска обука за квантитативните методи за евалуирање на мерките за биоинженерство за контрола на ерозија на почвата од страна на проф. Масимилијано Шварц (БФХ-ХАФЛ) и Филипо Џадросич (Земјоделски факултет, Универзитет „Сасари“, Италија), со учество на вонр. проф. д-р Иван Минчев, ас. м-р Божин Трендафилов и група студенти од различна година на студии во врска со мерења на кореновата распространетост и механичките својства на корењата и во врска со примена на алатките ecorisQ (студенти: Ивана Пенева, Анастасија Милошоска, Давор Петровски, Антонио Поповски, Петар Николовски, Александра Нациќ, Пепита Накова, Дамјан Здравковски, Максим Лазетиќ, Мартин Петков, Нина Урошевиќ и Анастасија Митревска).

Во наведените научноистражувачки проекти и останатите наставно-образовни активности на факултетот во учебната 2023/2024 г. активно учество земале околу 30% од вкупниот број на студенти на сите циклуси на студии.

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 6.5. Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој | Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата;<br>Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во |

| | |
|---|---|
| кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др. | последните пет години;<br>Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните пет години;<br>Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните пет години. |
| Студентите на УКИМ ХЕФ, соодветно со нашето мултикултурно општество, се лица со индивидуален социјален идентитет кој го сочинуваат разлики по однос на возраста, социо-економскиот статус, родовиот идентитет, националноста, попреченоста и др. Наставниците им помагаат на учениците да се чувствуваат ценети и почитувани преку промовирање на културната свест во училницата. Ова нуди можност за поединечна или групна партиципација на студентите во дискусии, дебати, симулации и вежби кои стимулираат активен индивидуален ангажман и критичко мислење. Секој член на наставниот кадар на Факултетот има неделни термини за консултации со студентите на кои се споделуваат и информации околу оценувањето на студентите (https://www.sf.ukim.edu.mk/oglasna_tabla-informator/termini_konsultacii_zimski_2019.pdf). Напредокот на секој студент одделно, но и успехот и напредокот на целата генерација на запишани студенти, како по година на запишување така и по одделен предмет е можно и се прави со користење на iKnow системот на УКИМ (www.iknow.ukim.edu.mk) кој овозможува преглед на успехот и напредокот на студентите.<br>Во рамките на УКИМ ХЕФ функционира Центар за професионална обука и кариера (ЦЕПРОК) чија што основна мисија е да воспоставува цврсти врски помеѓу факултетот, студентите и потенцијалните работодавци и други релевантни екстерни чинители кои се активни во општествените области кои ги покриваат студиските програми на Факултетот. ЦЕПРОК преку организирање на работилници за Кариерен развој ги вмрежува студентите и потенцијалните работодавачи и обезбедува двонасочна комуникација помеѓу факултетот и работодавците. | |
| **Прилози** | |
| 6.6. Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти. | Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е применливо);<br>Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо);<br>Приказ на активности со Алумни заедницата во последните пет години;<br>Доказ дека системот е функционален. |
| Факултетот го следи системот на Алумни заедницата на УКИМ но досега во рамки на факултетот не е формиран Алумни центар кој би го следел и идниот професионален развој на нашите студенти. Факултетот одржува редовен контакт и соработка со некогашните студенти, денес успешни деловни лица во разни приватни претпријатија и државни институции и ги вклучува во наставно-образовниот процес како стручњаци од практиката. Во учебната 2023/24 година на УКИМ ХЕФ се ангажирани 3 стручњаци од практиката. | |
| **Прилози**<br>6.6.А.Одлука за ангажирање на стручњаци од практиката за вршење на високообразовна дејност на УКИМ ХЕФ за академската 2022/2023 година (https://sf.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2024/09/strucnjaci_praktika_2023_2024.pdf<br>6.6.Б.Биографии на стручњаци од практиката<br>https://sf.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2024/10/strucnjaci_praktika_2023-24_CV.pdf | |
| 6.7. Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка како и годишен буџет. | Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето;<br>Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели);<br>Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори;<br>Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик;<br>Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период, буџет) за последните пет години. |
| Прашањето за учеството на студентите во управувањето е регулирано во Статутот на УКИМ ХЕФ. Студентите се вклучени во управувањето на Факултетот преку вклучување на претставници на студентите како членови во разните комисии и поткомисии, и во донесувањето одлуки преку активноста на претставниците на студентите во наставно-научниот совет и Деканатската управа (претседателот на Факултетското студентско собрание).<br>Факултетското студентско собрание на УКИМ ХЕФ (ФСС ХЕФ) е тело на Факултетот во кое членуваат претставници на студентите кои се избираат на непосредни, фер и демократски избори со тајно гласање. Заради | |

остварување на правата и заштита на интересите на студентите, ФСС ХЕФ делегира свои претставници во Деканатската управа и во Наставно-научниот совет на ХЕФ, преку кои студентите учествуваат во работата на органите и телата на Факултетот. Исто така избира заменик студентски правобранител, и делегира свои претставници во Универзитетското студентско собрание (УСС УКИМ), кои, пак, учествуваат во работата на органите и телата на Универзитетот. ФСС ХЕФ ги избира и разрешува претставниците на студентите во органите на факултетот, во согласност со закон, со Статутот на Универзитетот и Статутот на факултетот. Работата на факултетското студентско собрание се финансира со средства на факултетот во рамките на кој делува факултетското студентско собрание. Со факултетското студентско собрание претседава претседател кој се избира на непосредни и тајни избори. Претседателот на факултетското студентско собрание ги извршува одлуките на факултетското студентско собрание, ги застапува студентите и факултетското студентско собрание и е одговорен за неговата работа.

Во согласност со статутот на Универзитетот и на Факултетот, правата на студентите се заштитени преку студентскиот правобранител, кој постапува по поднесок од страна на студентите и по сопствена иницијатива доколку е проценето дека е прекршено правото на студентот од страна на органите или други членови на академската заедница на Факултетот (https://sf.ukim.edu.mk/pravobranitel.htm).

Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите, и согласно можностите им овозможува поддршка со кадар, простории и технички средства.

Проект со наслов „Воведување биокомпостирање во Општина Гази Баба“ добиен на конкурсот Предизвик за студенти иноватори од Општина Гази Баба. Во реализација на проектот свој придонес дадоа ас. м-р Викторија Брндевска Стипановиќ, дипл. инж. Дејан Илиевски, проф. д-р Дана Дина Колевска, проф. д-р Панде Трајков и проф. д-р Кирил Сотировски и 7 студенти на УКИМ ХЕФ (Ивана Пенева, Перица Кипријановиќ, Марија Меноска, Елена Петрова, Борис Цикарски, Анастасија Милошоска, Исидора Димитриевска). Врска: https://www.fakulteti.mk/news/06082022/spravuvanje-so-otpadot-i-voveduvanje-biokompostiranje---studentski-proekti-shto-dobija-grant-od-opshtina-gazi-baba.

На Конкурсот за дизајн на зелен парк со површина од 5000 $m^2$, во рамки на кампањата „Засади желба за поубава иднина“, во организација на Пензија.мк, наменет за студенти на УКИМ ХЕФ и студенти од Архитектонскиот Факултет во Скопје учество земаа 5 студенти од студиската програма Пејзажно дизајнирање на УКИМ ХЕФ, под менторство на ас. м-р Брндевска Стипановиќ. Студентите Мила Ѓорѓевска и Перица Кипријановиќ освоија прво и трето место, и беа наградени со дигитални таблети за цртање. Врска: http://www.penzija.mk/.../%d0%bd%d0%b0%d0%b3%d1%80%d0%b0.../ .

Студенти од УКИМ ХЕФ, со несебична поддршка од наставниот кадар, земаа учество на Конкурсот за изработка на проект за пејзажно дизајнирање на јавен простор во Општина Бутел, објавен на 21 јуни 2023 година од страна на Здружението на граѓани ИНТЕРКУЛТУРА, во соработка со Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“. Прво место освои студентката Марија Меноска, второ место Анастасија Милошоска и трето место Давор Петровски. На добитниците им беа доделени парични награди во вредност од 300 евра за прво наградениот, 200 евра за второ наградениот и 100 евра за трето наградениот проект. Врска: https://sf.ukim.edu.mk/konkurs_inretkultura_hef/ .

Во периодот од 15-21 мај 2023 г. беше одржана меѓународната средба International Forestry Students Association (IFSA) – South-East Regional Meeting (SERM) 2023, во организација на ДРЕН Ханс Ем – здружение на студенти при УКИМ ХЕФ, со поддршка од Универзитетот, Факултетот, МЗШВ и приватни стопанственици главно од секторот шумарство и хортикултура. Беше одржана и конференција на тема: „Младите и иновациите за заштита на биолошката разновидност и одржливото управување со шумите“ (“Youth and innovation for biodiversity conservation and sustainable forest management”), како и посета на повеќе локации низ државата значајни за биолошката разновидност и природните ресурси. Врска: https://ifsa.net/serm-2023-report/.

**Прилози**

Прилог 6.7. Статут на УКИМ ХЕФhttp://www.sf.ukim.mk/Dokumenti/glasnik/glasnik_467_2019.pdf

| | |
|---|---|
| 6.8. Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање. | Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои има стојат на располагање;<br>Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб страна. |

Водени од потребите на новите генерации и начините на кои тие ги следат информациите УКИМ ХЕФ во периодот 2019-2020 г. изработи нова, модерна и детална веб-страница www.sf.ukim.edu.mkна која сите информации од интерес за студентите и пошироката јавност се распределени во соодветни категории (уписи, студиски програми, наставен кадар, правила на студирање, огласна табла, вести, настани и збиднувања и сл.) На веб страницата редовно се споделуваат сите информации за наставата и други настани на факултетот, со цел студентите да дознаат за можностите кои им се пружаат. Со цел да се овозможи брзо информирање, имајќи ги предвид современите извори за информации на новите генерации, УКИМ ХЕФги има изготвено следните

профили и на најкористените социјални мрежи: https://www.facebook.com/sf.ukim.edu.mk, https://www.instagram.com/ukim_hef/, https://www.youtube.com/@ukim_hefи https://x.com/ukim_hef,преку коисе врши промоција на наставните програми и се комуницира со заинтересираните лица за студирање на студиските програми понудени од факултетот, но и се споделуваат сите информации за актуелните можности кои им се овозможуваат на студентите (пр. повици за стипендии, работилници, вмрежувања и сл.).

**Прилози**

Прилог 6.8.А.https://sf.ukim.edu.mk/oglasna_tabla.htm
Прилог 6.8.Б. https://sf.ukim.edu.mk/soopshtenie_smestuvanje_2023/
Прилог 6.8.В. https://sf.ukim.edu.mk/studii.htm
Прилог 6.8.Г. https://sf.ukim.edu.mk/naucno-nastaven-personal.htm
Прилог 6.8.Д. https://sf.ukim.edu.mk/studentski_stranici.htm
Прилог 6.8.Ѓ. https://www.facebook.com/share/p/jzsZXs2W6cesUuX8/
Прилог 6.8.Е. https://www.instagram.com/p/Cra4z_dsyPm/
Прилог 6.8.Ж. https://x.com/ukim_hef/status/1515437148043984903
Прилог 6.8.З. https://www.youtube.com/watch?v=9Y_kT2dRnME

## Стандард 7

| СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 7.1. Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет. | Опис и приказ на системот за прибирање и обработка на информации<br>Акт за регулирање (доколку е применливо)<br>Доказ дека системот е функционален. |
| УКИМ ХЕФ редовно ги следи и анализира податоците за напредокот на секој студент одделно, но и успехот и напредокот на целата генерација на запишани студенти, како по година на запишување така и по одделен предмет е можно и се прави со користење на iKnow системот за студентски сервиси на УКИМ (www.iknow.ukim.edu.mk) кој овозможува преглед на успехот и напредокот на студентите. Овој систем нуди и напредни можности за анализа на податоците за секој студент одделно, за сите кандидати по предмет и студиска програма и за секој член на наставниот кадар на УКИМ ХЕФ (пр. просечните оценки по предмети, статистички показатели за различните форми на наставните активности и другите форми на активности на студентите итн.). Секој студент, по креирање на кориснички профил со своја електронска пошта и лозинка, има пристап до овој сервис и можност да го следи својот напредок низ процесот на студирање или да направи увид на статусот на студиите, предметните обврски или изборните предмети од факултетската листа или Универзитетската листа на слободни изборни предмети. | |
| **Прилози**<br>Прилог 7.1. iKnow систем за студентски сервиси на УКИМ (www.iknow.ukim.edu.mk) | |
| 7.2. Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата односно студиските програми и вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; степен на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн.<br>Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив. | Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци;<br>Конкретни примери на вклучување на студентите и вработени во процесот;<br>Конкретни примери на ползување на информациите обезбедени во процесот. |
| Преку iKnow системот за студентски сервиси на УКИМ (www.iknow.ukim.edu.mk) се добиваат информации за секој студент одделно, за сите кандидати по предмет и студиска програма и за секој член на наставниот кадар на УКИМ ХЕФ (пр. просечните оценки по предмети, статистички показатели за различните форми на наставните активности и другите форми на активности на студентите итн.). Преку анализа на податоците од учебната 2023/2024 година iKnow системот за студентите на УКИМ ХЕФ е согледано следното:<br>- 77,59 % од студентите добиле завршна оцена;<br>- 70,69 % од студентите испитите ги полагале на делови;<br>- 25,86 % од студентите поднеле есеи или трудови;<br>- 36,21 % од студентите одржале презентација на тема од предметна програма;<br>- 12,07 % од студентите изработиле студија на случај;<br>- 46,55 % од студентите успешно извршиле лабораториски вежби; | |

| |
|---|
| - 37,93 % од студентите поднеле проектна задача;<br>- 27,59 % од студентите се јавиле на устен испит;<br>- 72,41 % од студентите се јавиле на писмен испит;<br>- 78,92 % од студентите поднеле извештај од реализирана пракса. |
| **Прилози** |

| | |
|---|---|
| 7.3. Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат потребите на стратешкиот менаџмент на установата. | Информација за значајни настани, активности и процеси. |

На УКИМ ХЕФ за секој значаен настан, активност и процес, се поднесува извештај до Наставно-научниот совет. Потоа, сите извештаи се составен дел од годишниот извештај за работата на Деканот кој се поднесува на усвојување од стана на Наставно-научниот совет. Врз основа на собраните податоци, Деканот формира соодветни работни групи кои организираат настани. Кадарот на УКИМ ХЕФ има изготвено листа на значајни датуми за одбележување (пр. Светски ден на шумите, Светки ден на водите, Светски ден за заштита на биолошката разновидност и др.), кое главно се реализира во вид на пригодни објави на социјалните мрежи, со цел да се направи промоција на Универзитетот и Факултетот пред пошироката јавност и да се зголеми свеста за одреден глобален проблем.Сите информации се споделуваат со студентите и пошироката јавност преку веб-страницата на факултетот и социјалните медиуми.

Од настаните значајни за факултетот во учебната 2023/2024 г. Особено се истакнуваат следните:

- Промоција на учебници: „Ловство“ од проф. д-р Владимир Малетиќ и „Штетници на декоративни растенија“ од проф. д-р Стерја Начевски, јавна промоција во амфитеатарот на Факултетот, 120 учесници,
- Валидирање на Нацрт-Правилникот за проценка на штети и дискусија за мониторинг на шумски пожари, работилница, FAO-UN, 30 учесници
- Најдобри практики и искуства во обновување на шумите – конференција, FAO – UN, МЗШВ, Факултет за Шумарски науки, пејзажна архитектура и еко инженеринг „Ханс Ем“

**Прилози**

Прилог 7.3.А. https://sf.ukim.edu.mk/75hef.htm
Прилог 7.3.Б. https://www.facebook.com/share/p/dxHXnnrJVwnpGDbF/
Прилог 7.3.В. https://www.facebook.com/share/p/vzZmLm7gknMrEPU2/
Прилог 7.3.Г. https://www.facebook.com/share/p/3DdPk4q5iaPQQMBc/
Прилог 7.3.Д. https://www.instagram.com/p/Cra4z_dsyPm/
Прилог 7.3.Ѓ. https://x.com/ukim_hef/status/1515437148043984903

| | |
|---|---|
| 7.4. Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни. | Акт на установата;<br>Опис на практиката за заштита на личните податоци;<br>Други релевантни документи или политики на установата. |

УКИМ ХЕФ своето работење во однос на заштитата на личните податоци го врши во согласност со Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 42/2020, 294/21) и согласно одредбите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, достапни на врската: https://ukim.edu.mk/univerzitet/dokumenti/zashtita-na-lichni-podatoci/.

При објавување на резултатите од испитите, се врши нивно аномизирање, односно резултатите на испитите се објавуваат единствено со бројот на индекс на студентот.

Безбедноста на информациите во печатена форма се остварува преку одговорно архивско чување во досието на студентот од службата за студентски прашања, во обезбедена просторија со соодветна опрема за безбедно складирање (метални ормани со клучалка и клуч) со пристап единствено за овластени лица. Безбедноста на информациите во дигитална форма се остварува преку заштитениот систем за интернет пристап на Универзитетот, со годишен закуп на безбеден интернет простор (hosting) кај овластен давател на услуги (провајдер) и користење на безбеден интерен простор за складирање на дигитални податоци (NAS Server).

**Прилози**

## Стандард 8

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>8.1. Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб страната и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста.</td><td>Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата;<br>Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите;<br>Извештај за учество или организација на саем/и;<br>Други релевантни материјали или конкретни примери.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (УКИМ ХЕФ) за сите свои активности врши редовно известување преку веб страницата на Факултетот www.sf.ukim.edu.mk, на која сите информации од интерес за студентите и пошироката јавност се распределени во соодветни категории (уписи, студии, наставен кадар, огласна табла, студентски страници и сл.). Со цел да се овозможи брзо информирање, имајќи ги предвид современите извори за информации на новите генерации, УКИМ ХЕФ ги споделува информациите и преку своите профили на социјалните мрежи: https://www.facebook.com/sf.ukim.edu.mk, https://www.instagram.com/ukim_hef/, https://www.youtube.com/@ukim_hefи https://x.com/ukim_hef.<br>Како единица на Универзитетот, УКИМ ХЕФ учествува на секој настан „Отворен ден на УКИМ“ на кој, заедно со сите останати единици на Универзитетот и претставници од приватниот сектор и јавните институции, врши промоција на своите студиски програми и можностите за кариера пред потенцијалните студенти. За таа цел УКИМ ХЕФ има изготвено репрезентативен промотивен материјал (штанд, банери, постери, магнети и др.) и брошури за секоја студиска програма и за сите циклуси на студии. Целта на ваквото презентирање е да се запознаат потенцијалните со широкото поле на науки кои се изучуваат на УКИМ ХЕФ, и кои се многу повеќе од традиционалното мислење за шумарството во државата. Активно се презентираат можностите за кариера за студентите кои ќе завршат студии на УКИМ ХЕФ, како современ високо стручен кадар во шумарството, пејзажната архитектура и екоинженерингот, кој во зенитот на актуелната технолошка револуција ќе може да понесе одговорност во заштитата и унапредувањето на шумите, зелените површини, биодиверзитетот и природните ресурси на државата.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>Прилог 8.1.А. https://www.facebook.com/share/p/jzsZXs2W6cesUuX8/<br>Прилог 8.1.Б. https://www.instagram.com/p/Cra4z_dsyPm/?utm_source=ig_web_copy_link</td></tr>
<tr><td>8.2. Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти</td><td>Линк до наведените елементи во индикатори;<br>Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО: Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи; 2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно; 3. Актот за систематизација; 4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет; 5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата; 6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот, 7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година, 8. Завршна сметка, 9. Годишен извештај, 10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови; 11. Прифатени теми за изработка на</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование. | докторски трудови; 12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и 13. Етичкиот кодекс. |

УКИМ ХЕФ редовно ја одржува и ажурира веб страницата на Факултетот www.sf.ukim.edu.mk со податоци за своите активности, одлуки, студиски програми, елаборати за акредитација и повторна акредитација, конкурсите и критериумите за упис, постапките методите и техниките во наставно-образовниот процес итн.
На веб-страницата на факултетот се достапни сите акти (https://sf.ukim.edu.mk/akti.htm).

1. Статут на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи;
2. Решенија за акредитација на секоја студиска програма и решение за почеток со работа за секоја студиска програма;
   I циклус:
   Шумарство (Решение за акредитација Ш / Решение за почеток со работа Ш)
   Пејзажна Архитектура (Решение за акредитација ПА / Решение за почеток со работа ПА)
   Екоинженеринг и екоменаџмент (Решение за акредитација ЕЕ / Решение за почеток со работа ЕЕ)
   II циклус:
   Шумарство (Решение за акредитација Ш2 / Решение за почеток со работа Ш2)
   Озеленување и унапредување на животната средина (Решение за акредитација ОУ / Решение за почеток со работа ОУ)
3. Акт за систематизацијаи Правилник за изменување и дополнување на Актот за систематизација;
4. Деловник за работа на наставно-научниот, односно научниот совет;
5. Правилник за плати и надоместоци на единицата;
6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот;
   Достапни на јавен увидза секој член на наставниот кадар на врската: https://sf.ukim.edu.mk/naucno-nastaven-personal.htm
7. Распоред на работни задачи за тековната учебна година;
   I циклус 2023/2024
   II циклус 2023/2024
8. Завршна сметка,
9. Годишен извештај;
10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови;
11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови (не е применливо, нема акредитиран III циклус на студии)
12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони;
13. Етички кодекс;
14. Одлука за правила за студирање на прв и на втор циклус студии на единицата

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 8.3. Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб страната на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб страната на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии (доколку е применливо). | Линк до релевантни објави на веб страната на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа;<br>Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од учењето (доколку е променливо). |

Резултатите од научноистражувачката работа на УКИМ ХЕФ се објавуваат во меѓународното научно списание „Шумарски преглед“, издавано од УКИМ ХЕФ. Изданијата на меѓународното научно списание „Шумарски преглед“, почнувајќи од првиот број објавен во 1953 г., се електронски обработени и целата база е поставена како онлајн архива на интернет-страницата на списанието. Детални информации достапни на врската https://sf.ukim.edu.mk/sumarski_pregled.htm.
На веб страницата на факултетот се објавуваат прифатените теми за изработка на магистерски трудови и

| |
|---|
| термините за јавна одбрана на дипломските работи и магистерските трудови. Не се акредитирани Докторски студии (III циклус на студии) на УКИМ ХЕФ. |
| **Прилози**<br>Прилог 8.3.А. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови<br>Прилог 8.3.Б. Објави на вести и збиднувања<br>Прилог 8.3.В. Објави на огласна табла<br>Прилог 8.3.Г. Објави за одбрана на дипломска работа и магистерски труд |

## Стандард 9

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 9:МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>9.1. Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена.</td><td>Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните пет години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+;<br>Процент на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти (за последните пет академски години, за сите циклуси на студии);<br>Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери).</td></tr>
<tr><td colspan="2">Преку програмата Erasmus+ во Република Италија, University of Tuscia, во периодот од 10-ти до 17 јуни 2023 година учествуваа следните студенти: Елена Китевска, Надица Кремшовска, Бојан Белчовски и Ивана Пенева.<br>Erasmus+ програмата на Европската Унија во областа на високото образование овозможува соработка и размена на студенти и кадар помеѓу партнерски универзитети во Европа. Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е дел од неа. Се распишуваат годишни конкурси за реализација на мобилности на студенти и наставно-научен кадар, на високо-образовни и научни институции во Европа, со кои се склучени Erasmus+ договори за соработка.<br>Постапката за признавање на мобилноста е уредена со Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (членот 21). Согласно наведеното, по завршување на мобилноста, студентот до Факултетот доставува договор за учење и транскрипт на оценки, врз основа на кои бара пренесување на кредитите и оценката. Оценката и кредитите за положениот испит/и се содржани во решение на Деканот и се запишуваат во индексот и во е-досието. Запишувањето во индексот го врши овластено лице на единицата кое става печат и број и датум на решението. Освоените кредити од испитите положено со мобилност се признаваат во соодветниот семестар.<br>На УКИМ ХЕФ размената со академски кадар од други академски центри од земјата и странствое на ниско ниво и е далеку под можностите и потребите.Студентска размена со други академски центри во земјата и странство во учебната 2023/2024 г. не е остварена, а примарна причина е лошата материјална и финансиска состојба на Факултетот и студентите.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози</td></tr>
<tr><td>9.2. Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат.<br>Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационали-зација во рамките на установата.</td><td>Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација;<br>Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка;<br>Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото е функционално (годишен план, извештај од спроведени активности итн).</td></tr>
<tr><td colspan="2">УКИМ ХЕФ, согласно Статутот, во Деканатската управа има Продекан за меѓународна соработка, кој истовремено со одлука на Деканот е именуван и за Еразмус+ координатор. Тој е задолжен за склучувањето на Еразмус+ договорите и реализација на Еразмус+ конкурсите на УКИМ за мобилност. За својата работа, Еразмус+ координаторот поднесува извештај до Наставно-научниот совет. Извештајот е дел од од Годишниот извештај на Деканот.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>Прилог 9.2.А. Статут на УКИМ ХЕФ<br>Прилог 9.2.Б. ERASMUS+ билатерални договори<br>Прилог 9.2.В. ERASMUS+ координатори по факултети<br>Прилог 9.2.Г. Годишен извештај</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| 9.3. Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн. | Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните пет години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.). |

Факултетот, согласно своите можности, вложува финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. Од вкупните приходи во 2023 година, сопствени, буџетски и донаторски средства, кои изнесуваат 12.486.137,00 денари расходите поврзани меѓународната соработка се 1.677.686,00 денари или во процент 13.43 %.

**Прилози**

9.3.А. Договор за проект TPC/MCD/3903 од 23.09.2023, 1,259,486,00 денари (UN FAO)

9.3.Б.Договор за проект 2023/22-0078-T001 од 10.10.2023, 6.800 евра (ParticipGmBH, Germany)

| | |
|---|---|
| 9.4. Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети. | Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+;<br>Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните пет години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми);<br>Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните пет години);<br>Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети. |

Факултетот остварува плодна соработка со повеќе странски универзитети, високообразовни и научноистражувачки институции, со кои има потпишано договори и меморандуми за соработка, меѓу кои: Шумарскиот факултет при Универзитетот во Кастамону од Р. Турција, Факултетот за земјоделство, шумарство и наука за храна ХАФЛ од Золикофен при Универзитетот за применети науки од Берн од Швајцарија, Националната земјоделска фондација за истражување НАГРЕФ при Институтот за истражување во земјоделството од Солун во Р. Грција. Факултетот продолжува со плодната соработка со повеќе универзитети, факултети и институти, со кои има долгогодишна традиционална соработка на полето на образованието, истражувањата и други форми на соработка: Шумарскиот факултет при Универзитетот во Белград, Р. Србија, Шумарскиот факултет при Универзитетот во Загреб, Р. Хрватска, Одделот за шумарство при Биотехничкиот факултет на Универзитетот од Љубљана, Р. Словенија, Шумарскиот факултет при Универзитетот во Сараево, Р. Босна и Херцеговина, Шумарскиот факултет при при Универзитетот во Бања Лука, Р. Српска, Шумарскиот факултет при Лесотехническиот университет од Софија, Р. Бугарија, Универзитетот Квисленд од Бризбејн во Австралија, Универзитетот Тасманија Квисленд од Хобарт во Австралија, Универзитетот Тускија од Витербо во Италија, Факултетот за географија при Универзитетот во Женева, Швајцарија, Шумарскиот факултет при Универзитетот во Прага, Чешка Република, Институтот за шумарство од Фрајбург во Германија, Шумарските институти од Белград и Загреб, Институтот од Нови Сад, Институтот за шумарство при Бугарската академија на науки и др.

Во учебната 2023/2024 г. извршена е теренска обука за квантитативните методи за евалуирање на биоинженерските мерки за контрола на ерозија на почвата од страна на проф. Масимилијано Шварц (БФХ-ХАФЛ) и Филипо Џадросич (Земјоделски факултет, Универзитет „Сасари", Италија), со учество на вонр. проф. д-р Иван Минчев, ас. м-р Божин Трендафилов и група студенти од различна година на студии во врска со мерења на кореновата распространетост и механичките својства на корењата и во врска со примена на алатките ecorisQ.

Преку Erasmus+ програмата за мобилност на наставно-научен кадар во учебната 2023/24 година на УКИМ ХЕФ ангажирани се: - Д-р Улрих Пицарка (Dr. Ulrich Pietzarka, Dipl.-Forstwissenschaftler) е вклучен како визитинг-наставник на УКИМ ХЕФ во учебната 2023/2024 година, во летниот семестар во периодот од 3 заклучно до 8 јули 2024 година, на предметот Урбана дендрологија, на студиската програма Пејзажно дизајнирање, кој е и слободен изборен предмет на универзитетската листа на УКИМ (обем на ангажман: 3 дена/8 часа); Визитинг - наставникот Д-р Улрих Пицарка е кустос на Техничкиот универзитет во Дрезден (Technische Universität Dresden, Fakultät Umweltwissenschaften,Forstbotanischer Garten Tharandt – Sächsische Landesarboretum), СР Германија, кој во 2023 г. е рангиран на 201 – 300 место според Шангајската листа (Academic Ranking of World Universities).

- Проф. д-р Џенгиз Јуџедаг (Cengiz Yücedağ) е реномиран експерт по Урбана дендрологија и Пејзажна архитектура, професор на Универзитетот „Мехмет Акиф Ерсој" во Бурдур (Burdur Mehmet Akif Ersoy Üniversitesi), Република Турција, поканет преку ERASMUS+ програмата за мобилност на наставно-научен кадар да одржи

предавања на темите: „Региони на флората во Турција“ и „Урбани шуми во Турција“ во периодот 26-30 август 2024 год (обем на ангажман: 3 дена/8 часа).
Факултетот во учебната 2023/2024 г. ги заврши предвидените проектни активности од проектот Sol-Na: Nature based solutions for prevention and mitigation natural disasters in the cross border area, финансиран од програмата INTERREG IPA CBC Greece-Republic of North Macedonia 2014-2020, во кој покрај УКИМ ХЕФ беа вклучени и Националната земјоделска фондација за истражување НАГРЕФ при Институтот за истражување во земјоделството од Солун во Р. Грција и ЈПУЗПП "Јасен" од Скопје (https://sf.ukim.edu.mk/en/projects_collaboration.htm#1596797696318-3e615805-7d77).

**Прилози**

Прилог 9.4.А. Меморандум за соработка со Универзитетот во Берн
Прилог 9.4.Б. Меморандум склучен со институт за низинско шумарство
Прилог 9.4.В. Меморандум склучен со Шумарски факултет Сараево
Прилог 9.4.Г. Меморандум склучен со Универзитет во Токиа - Јапонија 2023
Прилог 9.4.Д. Меморандум склучен со Универзитет за шумарство во Турција 2021
Прилог 9.4.Ѓ. Меморандум склучен со AESA Унгарија 2021
Прилог 9.4.Е. Договор за проект со ПАРТИЦИП ГМБХ Германија
Прилог 9.4.Ж. Меморандум со Факултет за инженерство, земјоделство...Турција 2022
Прилог 9.4.З. Меморандум со UNDP 2021
Прилог 9.4.Ѕ. Анекс на договор со SEEFOR 2023
Прилог 9.4.И. Анекс на договор со SEEFOR 2022
Прилог 9.4.Ј. Анекс на договор со SEEFOR 2021
Прилог 9.4.К. Анекс на договор со SEEFOR 2020
Прилог 9.4.Л. Анекс на договор со SEEFOR 2019
Прилог 9.4.Љ. Еразмус+ Меморандум за соработка со Univesrity of Tuscia Italy
Прилог 9.4.М. Мемурандум за соработка со FAO според проект
Прилог 9.4.Н. Еразмус+ Меморандум за соработка со Факултет за инженерство и земјоделство Турција

| | |
|---|---|
| 9.5. Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува. | Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа);<br>Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови;<br>Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите пет години. |

Како единствена наставна и научноистражувачка институција од областа на шумарството, пејзажниот дизајн, екоинженерингот и екоменаџментот, како и севкупниот придонес на сите студиски програми во одржливоста, заштитата и унапредувањето на животната средина, Факултетот остварува соработка со образовни, научноистражувачки, владини, невладини, стопански и други субјекти, институции и организации на меѓународно, државно, регионални и локално ниво.
Факултетот остварува соработка со повеќе странски универзитети, високообразовни и научноистражувачки институции, со кои има потпишано договори и меморандуми за соработка, меѓу кои: Шумарскиот факултет при Универзитетот во Кастамону од Р. Турција, Факултетот за земјоделство, шумарство и наука за храна ХАФЛ од Золикофен при Универзитетот за применети науки од Берн од Швајцарија, Националната земјоделска фондација за истражување НАГРЕФ при Институтот за истражување во земјоделството од Солун во Р. Грција. Факултетот продолжува со плодната соработка со повеќе универзитети, факултети и институти, со кои има долгогодишна традиционална соработка на полето на образованието, истражувањата и други форми на соработка: Шумарскиот факултет при Универзитетот во Белград, Р. Србија, Шумарскиот факултет при Универзитетот во Загреб, Р. Хрватска, Одделот за шумарство при Биотехничкиот факултет на Универзитетот од Љубљана, Р. Словенија, Шумарскиот факултет при Универзитетот во Сараево, Р. Босна и Херцеговина, Шумарскиот факултет при при Универзитетот во Бања Лука, Р. Српска, Шумарскиот факултет при Лесотехническиот универзитет од Софија, Р. Бугарија, Универзитетот Квисленд од Бризбејн во Австралија, Универзитетот Тасманија Квисленд од Хобарт во Австралија, Универзитетот Тускија од Витербо во Италија, Факултетот за географија при Универзитетот во Женева, Швајцарија, Шумарскиот факултет при Универзитетот во Прага, Чешка Република, Институтот за шумарство од Фрајбург во Германија, Шумарските институти од Белград и Загреб, Институтот од Нови Сад, Институтот за шумарство при Бугарската академија на науки и др.
Постои одреден интерес кај странски студенти за запишување на студиските програми од I и II циклус на студии на УКИМ ХЕФ. Постои одреден интерес кај странски студенти за запишување на студиските програми од I и II

циклус на студии на УКИМ ХЕФ. Во учебната 2017/2018 г. запишани се 2 вонредни студенти од Р. Србија на студиската програма Шумарство, во учебната 2018/2019 г. запишан е 1 вонреден студент од Р. Србија на студиската програма Екоинженеринг и Екоменаџмент, во учебната 2019/2020 запишан е 1 вонреден студент од Србија на студиската програма Шумарство, во учебната 2021/2022 запишан е 1 редовен студент од Ирак на студиската програма Екоинженеринг и екоменаџмент, во учебната 2022/2023 г. запишан е 1 редовен студент од Ирак на студиската програма Пејзажно дизајнирање и во учебната 2023/2024 г. запишан е 1 вонреден студент од Р. Србија на студиската програма Шумарство.
Поради немањето акредитирани III циклус (докторски) студии, 7 асистенти примени во 2020 година се запишани на некој од сродните факултети при универзитетите од соседните земји или Европа (1 во Австрија - Виена; 2 во Италија – Сасари и Рим; 4 во Србија – Нови сад). Поради ова, создадена е атмосфера на интензивна комуникација и соработка помеѓу наставно-научниот кадар од УКИМ ХЕФ со институциите од наведените места.
Членовите на наставниот кадар на УКИМ ХЕФ во изминатите 5 години билечленови на комисии за оценка и одбрана на магистерски и докторски трудови на други факултети во државата и странство.

**Прилози**

## 3. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

| ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ |
| --- |
| Во овој дел може да се достават дополнителни информации релевантни за квалитетот на високото образование. Овој дел не треба да биде подолг од 3 страници. |
| |
| |

**Пример 1**

## Изјава

Под полна материјална и кривична одговорност јас, ___________________________со ЕМБГ ___________________________, одговорно лице во високообразовната установа_________________ изјавувам дека сите податоци прикажани во Извештајот од самоевалуација на високобразовната установа ___________________________ за периодот ___________________________ се точни и вистинити.

ИЗЈАВИЛ,

_________________________
(име и презиме)

_________________________
(своерачен потпис)